1830

Službeni vesnik SR
Makedonije

91001 Skopje
fah 51




# СЛУЖ[БЕН ЛИСТ]

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ“ излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-19644

Петок, 7 ноември 1980
БЕЛГРАД
БРОЈ 63 ГОД. XXXVI

Цена на овој број е 30 динари. — Претплатата за 1980 година изнесува 800 динари. Рок за рекламации 15 дена. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр 1. Пошт. фах 226. — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-855; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756


**942.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ВКУПНИОТ ПРИХОД И НА ДОХОДОТ

Се прогласува Законот за утврдување и распоредување на вкупниот приход и на доходот, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 29 октомври 1980 година.

П. бр. 27
29 октомври 1980 година
Белград

Претседател на Претседателството на СФРЈ,
**Цвијетин Мијатовиќ**, с. р.

Претседател на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА УТВРДУВАЊЕ И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ВКУПНИОТ ПРИХОД И НА ДОХОДОТ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува утврдувањето и распоредувањето на вкупниот приход од кој работниците го стекнуваат доходот на основната организација на здружен труд (во натамошниот текст: основна организација) и утврдувањето и распоредувањето на доходот и на чистиот доход на основната организација.

Член 2

Со овој закон се уредува утврдувањето и распоредувањето на вкупниот приход од кој работниците односно работните луѓе го стекнуваат доходот и чистиот доход на земјоделската задруга, на основната задружна организација, на основната организација на коопераnти, на занаетчиската и друга задруга, како и на договорната организација на здружен труд.

Утврдувањето и распоредувањето на доходот и на чистиот доход од став 1 на овој член се врши во согласност со законот, ако со овој закон не е определено поинаку.

Член 3

Со овој закон се уредува утврдувањето и распоредувањето на вкупниот приход односно на доходот што работниците на работната заедница ќе го остварат со слободна размена на трудот.

Со овој закон се уредува и утврдувањето и распоредувањето на доходот што работниците го стекнуваат од вкупниот приход на работната заедница.

Член 4

Основната организација што својот доход го стекнува со учество во заедничкиот приход, го утврдува и распоредува учеството во заедничкиот приход според одредбите од овој закон, во согласност со самоуправната спогодба.

Заедничкиот приход, во согласност со самоуправната спогодба, се остварува и распоредува преку проодна сметка во основна организација, работна организација, сложена организација на здружен труд, деловна заедница, интерна банка, земјоделска задруга, сложена земјоделска задруга, основна задружна организација и основна организација на коопераnти, преку која се врши остварување на заедничкиот приход односно реализација на заедничкиот производ или услуга.

Основната организација, според одредбите на овој закон, го утврдува и распоредува заедничкиот доход во согласност со самоуправната спогодба.

Банката и друга финансиска организација и заедницата за осигурување на имоти и лица и заедницата за ризици го утврдуваат приходот според одредбите на овој закон.

### II. УТВРДУВАЊЕ И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ВКУПНИОТ ПРИХОД

**1. Утврдување на вкупниот приход**

Член 5

Вкупниот приход на основната организација се утврдува од наплатените приходи што таа ќе ги оствари:

1) со продажба на производи и услуги на домашниот и странскиот пазар, односно во рамките на организацијата на здружен труд;

2) со учество во заеднички остварениот приход односно во заеднички остварениот доход врз основа на здружување на трудот и средствата;

3) со слободна размена на трудот;

4) на име компензација, регрес, премија, дотација и по други основи, утврдени со закон или со самоуправна спогодба односно договор, во согласност со законот.

Вкупниот приход на основната организација се утврдува и врз основа на употребата на производи, стоки и услуги за инвестиции, за ситен инвентар, амбалажа и семе произведено за сопствени потреби, за заедничка потрошувачка и врз основа на

води и од вршење услуги се утврдува врз основа на наплатените парични износи за продадени и испорачани производи односно за извршени услуги и за извршени работи врз изградба на градежни објекти и бродови, односно за извршено производство на опрема и вооружување и воена опрема според привремените пресметки за периодот за кој се утврдува вкупниот приход.

Член 9

Вкупен приход на основната организација претставуваат и дополнително утврдените приходи од работењето во претходните години; приходите од позитивните курсни разлики врз основа на девизи и приходите врз основа на утврдените вишоци на материјали, ситен инвентар, недовршено производство, полупроизводи и делови на сопствено производство, готови производи и стоки, како и износите од надомести на штети, освен надоместите на штети на основните средства; од камати; од повремени приходи остварени со работењето и други дополнително примени износи, наплатени според одредбите на член 6 од овој закон.

Член 10

Приходот што основната организација ќе го оствари со работење на претпријатие во странство се засметува во вкупниот приход во износите што се уплатени на девизната сметка на основната организација кај банката до последниот ден на пресметковниот период и во рок од 15 дена по истекот на пресметковниот период за кој се утврдува вкупниот приход.

Приходот што основната организација ќе го оствари со работењето на погон односно на друга работна единица во странство, за кои одлучила да врши самостојна пресметка, се засметува во вкупниот приход во износот што е утврден во периодичната пресметка и во завршната сметка на тој погон односно друга работна единица.

Член 11

Приходот остварен врз основа на средствата за заедничка потрошувачка не претставува вкупен приход на основната организација.

**2. Трошоци што се надоместуваат од вкупниот приход**

Член 12

Од вкупниот приход на основната организација се надместуваат материјалните трошоци и амортизацијата според минималните стапки пропишани со закон, освен делот од материјалните трошоци и делот од амортизацијата што, според одредбите на овој закон, можат временски да се разграничат односно да се пресметаат врз товар на залихите.

*1) Материјални трошоци*

Член 13

Материјалните трошоци на основната организација ги сочинуваат издатоците за потрошените предмети на трудот, за тековно инвестиционо одржување на средствата на трудот, за услугите што се потребни во вршењето на дејноста на основната организација, за тековните потреби за заштита при работа и за заштита на работната средина, за тековните потреби за стручно образование и научноистражувачка работа што се врши во рамките на процесот на трудот, како и за други тековни потреби на материјалното производство, односно на вршењето на други дејности што се непосреден услов за работа и производство.

Материјалните трошоци на основната организација, што се непосреден услов за работа и производство ги сочинуваат и:

1) материјалните трошоци за освојување на ново производство и материјалните трошоци за истражување и откривање на рудно и друго минерално богатство;

2) издатоците направени за определени средства на трудот, како што се издатоците направени за потрошен ситен инвентар и амбалажа;

3) издатоците за надомести на трошоците на работниците направени при вршењето на определени работи за основната организација заради остварување на вкупниот приход, како што се: дневници за службени патувања, надомести за сместување и исхрана на терен: надомести на трошоците за превоз на службени патувања со бродови, возови, авиони и други сообраќајни средства; надомести на трошоците за превоз на работа и од работа; трошоците за сместување и исхрана на летачкиот персонал за време на кондиционииот одмор; надомести на пилотите, навигаторите, механичарите, домаќинките и домаќините во воздухопловот за летање под неповолни услови — во согласност со самоуправниот општ акт донесен врз основа на самоуправната спогодба во согласност со општествениот договор, кон кој пристапила основната организација;

4) издатоците за исхрана на работниците во материјалното производство како и издатоците за исхрана на работниците во други дејности кои работат на работи штетни за здравјето и на работи кои бараат засилена исхрана ако се утврдени со општествениот договор — во износот утврден со тој договор;

5) издатоците за трошоци за пропаганда, реклама, учествување на саеми и изложби и за репрезентација — во износот определен со самоуправниот општ акт;

6) издатоците за стоки наменети за натамошна продажба, набавени од граѓани, од добавувачи во странство и од други добавувачи, во согласност со законот;

7) други издатоци во врска со работењето на основната организација што повремено се јавуваат.

Како материјални трошоци на основната организација се сметаат и трошоците на работењето, односно издатоците направени за плаќање на данокот на промет, царината и царинските давачки на производите и услугите од ст. 1 и 2 на овој член.

Во материјални трошоци на основната организација не спаѓаат издатоците за лични доходи и за заедничка потрошувачка и издатоците за инвестиции и резерви, како ни придонесите, даноците и други давачки, освен издатоците од став 3 на овој член.

Под издатоци за тековните потреби на стручното образование од став 1 на овој член се подразбираат: издатоците за стручно образование на работниците; издатоците за специјализација на работниците; издатоците за практична работа на работниците упатени во други организации на здружен труд; издатоците за полагање стручни испити и за стручни курсеви; издатоците за постдипломски студии и подготвување на докторска дисертација, ако се потребни за вршење на определени работи во основната организација — под услов да се направени за тековните потреби на материјалното производство, односно за вршење на други дејности, во согласност со планот односно со самоуправниот општ акт на основната организација за образование и стручно усовршување на работниците.

Под издатоци за трошоците од став 2 точка 5 на овој член се подразбираат и вредностите на употребени сопствени производи, стоки и услуги за репрезентација, реклама и пропаганда.

пренесени без надомест или расходувани поради физичка дотраеност односно техничка застареност, доколку основната организација не одлучила овие износи да ги надомести од средствата на резервите;

10) износот на неамортизираната вредност на основните средства пренесени без надомест во вредност за која не се намалени деловните средства;

11) износите на исправката на вредноста на сомнителните и на спорните побарувања;

12) износите на покриените загуби на претпријатието во странство;

13) износите на покриените загуби на погон односно на работна единица во странство;

14) другите издатоци што ќе се јават повремено, а што се непосреден услов за работа и производство.

*2) Временски разграничувања*

Член 18

Издатоците што според одредбите на овој закон се сметаат за материјални трошоци, а кои се платени од обртните средства однапред за најмногу 12 месеци, можат да се разграничат и да се стават на товар на материјалните трошоци во периодот на кој се однесуваат.

Материјалните трошоци за освојување на ново производство и материјалните трошоци за истражување и откривање на рудно и друго минерално богатство од член 13 став 2 точка 1 на овој закон, како и трошоците за инвестиционо одржување, можат да се пресметаат во периодите во кои се предизвикани, но во наредната година не можат да се пренесат издатоците направени за тие цели во тековната година. Вкалкулираните а непотрошени износи за инвестиционо одржување можат од тековната година да се пренесат во наредната година.

Износите за материјалните трошоци чија обврска за плаќање не втасала можат да се стават врз товар на материјалните трошоци во периодот на кој се однесуваат.

Член 19

Врз товар на обртните средства врз основа на залихи на недовршено производство, полупроизводи и делови на сопственото производство и готови производи, основната организација ги пресметува материјалните трошоци и амортизацијата според минималните стапки пропишани со закон до износот на вистинските трошоци наменети за нивното производство.

Основната организација може да одлучи врз товар на обртните средства врз основа на залихите од став 1 на овој член да не ги пресметува материјалните трошоци кои не зависат од обемот на производството и амортизацијата според минималните стапки пропишани со закон.

Врз товар на обртните средства врз основа на залихи на недовршено производство, полупроизводи и делови на сопственото производство можат да се пресметаат и аконтациите на личните доходи на работниците на основната организација во аликвотен дел кој се однесува на тие залихи.

Член 20

По исклучок од одредбите на член 19 од овој закон, врз товар на обртните средства врз основа на залихите на недовршено производство на бродови, градежни објекти и опрема, чија изградба односно изработка трае подолго од една година и недовршено растително и сточарско (добиток во гоење) производство во земјоделството, како и преработка на грозје во вино, кога се врши во две календарски години, за кои не се остваруваат приходи по привремените пресметки според одредбата на член 8 од овој закон, основната организација може да одлучи да ги пресметува и издатоците кои се намируваат од доходот, освен износите на амортизацијата над минималните стапки пропишани со закон и износите на придонесите, даноците и другите давачки, како и другите обврски што се утврдуваат зависно од остварениот доход — сето во делот кој се однесува на бродовите, градежните објекти и опремата што се во изградба односно во изработка, како и на недовршеното растително и сточарско производство во земјоделството односно на преработката на грозјето во вино.

Член 21

Врз товар на обртните средства врз основа на залихи на стоки се пресметува набавната вредност на тие стоки.

Член 22

Износите пресметани врз товар на обртните средства врз основа на залихите на недовршено производство, полупроизводи и делови, како и на готови производи во согласност со чл. 19 и 20 на овој закон, на крајот на годината не можат да бидат поголеми од износите на вредноста утврдена според просечната продажна цена на тие производи остварена во последниот месец од продажбата, односно во последните три месеци на продажбата.

Набавната вредност пресметана врз товар на одделни стоки во залихи не може на крајот на годината да биде поголема од вредноста на тие стоки утврдена според просечната продажна цена остварена во последниот месец од продажбата, односно во последните три месеци на продажбата.

Ако основната организација на крајот на годината утврди дека износите врз товар на обртните средства врз основа на залихи во случаите од ст. 1 и 2 на овој член се поголеми од износите на вредноста утврдена според просечните продажни цени, должна е разликата да ја надомести од вкупниот приход.

Сојузниот извршен совет ќе го пропише начинот на утврдувањето на просечните продажни цени остварени во последниот месец од продажбата, односно во последните три месеци на продажбата, начинот на утврдувањето на цените на одделни видови залихи искажани во книговодството и начинот на пресметувањето на разликите во цените.

Член 23

Основната организација може да одлучи, врз товар на обртните средства врз основа на поврат на даночни и други давачки за опрема и бродови извезени на кредит, да ги пресмета материјалните трошоци и трошоците на амортизацијата според минималните стапки пропишани со закон, како и издатоците што се намируваат од доходот, освен износите на амортизацијата над минималните стапки пропишани со закон и износите на придонесите, даноците и другите давачки, како и другите обврски што се утврдуваат зависно од остварениот доход — сето во аликвотен дел кој се однесува на повратот на даночните и другите давачки за опрема и бродови извезени на кредит, ако врз таа основа не го утврдила вкупниот приход.

## III. УТВРДУВАЊЕ И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИОТ ПРИХОД И НА ЗАЕДНИЧКИОТ ДОХОД

### 1. Утврдување и распоредување на заедничкиот приход

*1) Заеднички одредби*

Член 24

Заеднички приход, во смисла на овој закон, претставува приходот што е остварен во согласност со самоуправната спогодба за здружување на трудот и средствата, и тоа:

здружен труд со кои работат го распоредуваат според основите и мерилата утврдени со самоуправната спогодба, во согласност со сојузен закон.

Заедничкиот приход од став 1 на овој член го распоредува организацијата на здружен труд која се занимава со работите на увоз, застапништво и посредување за периодите за кои, според одредбите на овој закон, привремено се распоредува доходот и по истекот на годината.

Писмена пресметка на распоредот на заедничкиот приход организацијата на здружен труд која се занимава со работите на увоз, застапништво и посредување им доставува на организациите на здружен труд со кои работи најдоцна во рок од 20 дена од денот на истекот на пресметковниот период односно најдоцна во рок од 25 дена од денот на истекот на годината.

Во рокот од став 3 на овој член организацијата на здружен труд која се занимава со работите на увоз, застапништво и посредување, должна е да го уплати делот од заедничкиот приход што им припаѓа на организациите на здружен труд со кои работи, на нивната жиро-сметка односно девизна сметка.

*5) Заеднички приход од работите од продажба на стоки и услуги на мало*

Член 36

Организациите на здружен труд што се занимаваат со работите на промет на стоки и услуги на мало и производствените и други организации на здружен труд со кои работат го остваруваат и распоредуваат заедничкиот приход според условите и на начинот што се утврдени со самоуправната спогодба, во согласност со сојузен закон.

Писмена пресметка на распоредот на заедничкиот приход од став 1 на овој член се врши во роковите и на начинот што се пропишани во член 35 ст. 2 до 4 на овој закон.

**2. Утврдување и распоредување на заедничкиот доход**

*1) Заеднички одредби*

Член 37

Под заеднички доход, во смисла на овој закон, се подразбира доходот:

1) што заеднички ќе го остварат основната организација која во своето работење користи средства на други основни организации и основните организации што ги здружиле тие средства, а кои врз таа основа имаат право на учество во заедничкиот доход;

2) што заеднички ќе го оствари основна организација, земјоделска задруга, основна задружна организација или договорна организација на здружен труд, која во своето работење користи земјиште, средства на трудот односно други средства што во основната организација земјоделската задруга или договорната организација ги здружиле земјоделци, односно други работни луѓе што самостојно вршат дејност со личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓаните, а кои врз таа основа имаат право на учество во заеднички остварениот доход;

3) што заеднички ќе го оствари основната организација и другите самоуправни организации и заедници во рамките на банката или на друга финансиска организација, односно во рамките на самоуправната интересна заедница од материјалното производство или во друга форма на здружување на трудот и средствата.

*2) Заеднички доход врз основа на користење на здружените средства*

Член 38

Заедничкиот доход се утврдува така што од приходот остварен од работењето што го врши основната организација со користење средства на други основни организации ќе се надоместат материјалните трошоци и амортизацијата пресметана според минималните стапки пропишани со закон, освен износите што можат временски да се разграничат односно да се стават врз товар на обртните средства врз основа на залихи, сето во согласност со одредбите од овој закон што се однесуваат на утврдувањето и распоредувањето на вкупниот приход на основната организација.

Работниците во основната организација можат со самоуправната спогодба за здружување на трудот и средствата да утврдат за пресметка на заедничкиот доход да ги користат и стандардите на материјалните трошоци или друг договорен критериум.

Ако пресметката на работењето се врши според стандардот на трошоците или според друг договорен критериум, така утврдениот заеднички доход служи како основа за распоредување на заедничкиот доход од став 1 на овој член.

Основната организација што стекнува доход со користење средства на други основни организации го утврдува својот доход кога од вкупниот приход ќе ги надомести вистинските материјални трошоци и трошоците за амортизација според минималните стапки пропишани со закон.

Член 39

Заедничкиот доход се распоредува во целост врз основните организации што учествувале во неговото остварување, а според основите и мерилата утврдени со самоуправната спогодба, во согласност со закон, и тоа:

1) на дел што им припаѓа на работниците на основната организација, што ќе го остварат заедничкиот доход, за лични доходи и за заедничка потрошувачка и за намирување на обврските од доходот што во врска со остварувањето на заедничкиот доход се утврдени со самоуправната спогодба за здружување на трудот и средствата, како и за проширување на материјалната основа на трудот, според придонесот на работниците во остварувањето на заедничкиот доход;

2) на дел за поврат на вредноста на здружените средства и за надомест за стопанисувањето со здружените средства.

Ако делот на заедничкиот доход за стопанисувањето со здружените средства содржи и поврат на вредноста на здружените средства, тој дел се искажува посебно.

Член 40

Основните организации што склучуваат самоуправна спогодба за меѓусебните односи во остварувањето на заеднички доход се должни со таа спогодба да ја утврдат максималната височина на надоместот за стопанисувањето со здружените средства, како дел од учеството во заедничкиот доход.

Височината на надоместот за стопанисувањето со здружените средства, како дел од учеството во заедничкиот доход, се утврдува во согласност со единствените начела, кога тие начела се предвидени со сојузен закон.

За износот на разликата на надоместот од став 1 на овој член и вкупното учество во заедничкиот доход основната организација го намалува износот на средствата што ги здружила, со тоа што може повторно да ги здружи ако со самоуправната спогодба за здружување не е определено поинаку.

Член 41

Привремено распоредување на заедничкиот доход, кога тоа е предвидено со самоуправната спогодба може да се врши во роковите утврдени со самоуправната спогодба кои не можат да бидат подолги од роковите за привремено распоредување на доходот утврдени со овој закон.

Конечно распоредување на заедничкиот доход се врши за календарската година.

Основната организација која во своето работење користи средства на други основни организации е должна, на начинот утврден со самоуправната спогодба, да состави конечна пресметка на заедничкиот доход и распоред на заедничкиот доход најдоцна во рокот кој не може да биде подолг од рокот за конечното распоредување на доходот утврден со овој закон.

Член 42

Обврските врз основа на учеството во заедничкиот доход се плаќаат најдоцна во рокот од член 41 став 3 на овој закон што е определен за конечната пресметка на учеството на основните организации во заедничкиот доход.

Член 43

Се смета дека во работењето на основната организација која користи средства на други основни организации настанала загуба, во смисла на овој закон, ако остварениот заеднички доход, утврден според одредбите на член 41 на овој закон, е помал од збирот на износите на исплатените аконтации на личните доходи на работниците за работа во тоа работење до височината утврдена со самоуправната спогодба за здружување на трудот и средствата, од износот на личните доходи загарантирани со закон за периодот за кој не се исплатени аконтации на личните доходи и од износот на обврските што според законот се намируваат од доходот, во врска со тоа работење.

Загубата настаната во работењето во кое се користат средства на други основни организации ја покриваат основните организации согласно со меѓусебната одговорност утврдена со самоуправната спогодба за тоа работење. Ако основната организација која здружила средства загубата ја покрива врз товар на својот доход, должна е да го намали својот доход за износот на загубата.

Во годината во која настанала загубата од став 1 на овој член не се остварува учество во заедничкиот доход врз основа на здружените средства.

Во случајот од став 1 на овој член, здружените средства не се враќаат ако со самоуправната спогодба за здружување на трудот и средствата е определено повратот на здружените средства да се врши со учество во заедничкиот доход. Здружените средства се враќаат ако со самоуправната спогодба е определено повратот на тие средства да се врши од деловните средства независно од остварениот заеднички доход.

*3) Утврдување и распоредување на доходот врз основа на користењето на средства на странски лица*

Член 44

Основната организација која во своето работење користи средства на странски лица кои врз тая основа имаат право на учество во доходот, посебно го пресметува работењето што го врши со користењето на тие средства, во согласност со одредбите на чл. 38 до 41 од овој закон.

**8. Заеднички остварен доход врз основа на здружување на трудот и средствата на земјоделци**

Член 45

Основна организација, земјоделска задруга, основна задружна организација или основна организација на кооперанти во која земјоделците го здружиле непосредно својот труд, земјиште, средства на трудот односно други средства на кои имаат право на сопственост, посебно го пресметува работењето што го врши во рамките на здружувањето на трудот и средствата со земјоделци.

Со самоуправна спогодба за здружување на трудот и средствата на земјоделци во основна организација, во земјоделска задруга, во основна задружна организации или во основна организација на кооперанти се уредува начинот на преземањето на производите и услугите на земјоделците и начинот на пресметувањето во основната организација.

Заедничкиот приход односно заедничкиот доход настанат со работењето од став 1 на овој член се утврдува според одредбите од овој закон што се однесуваат на утврдувањето и распоредувањето на заедничкиот приход и заедничкиот доход, со тоа што за секој здружен земјоделец се прави пресметка.

Член 46

Основната организација, земјоделската задруга, основната задружна организации или основната организација на кооперанти од член 45 на овој закон привремено го распоредува заедничкиот приход и заедничкиот доход во роковите утврдени со самоуправната спогодба за здружување, кои не можат да бидат подолги од роковите за привремено распоредување на доходот на основната организација, утврдени со овој закон.

Конечно утврдување и распоредување на заедничкиот приход и заедничкиот доход се врши по завршната сметка на основната организација, земјоделската задруга, основната задружна организација и основната организација на кооперанти.

Основната организација, земјоделската задруга, основната задружна организација или основната организација на кооперанти, при привременото и конечното распоредување на заедничкиот приход и заедничкиот доход, истовремено со издвојувањето на дел од заедничкиот доход за лични доходи и за заедничка потрошувачка на работниците, издвојува и дел од заедничкиот доход кој им припаѓа на земјоделците врз основа на резултатите од нивниот труд и придонесот со тој труд кон остварувањето на заедничкиот доход, а при распоредувањето на дел од заедничкиот доход за проширување на материјалната основа на трудот издвојува и дел од заедничкиот доход што им припаѓа на земјоделците врз основа на користењето на средствата на трудот и земјиштето што ги здружиле — сето во согласност со основите и мерилата за распоредување на заедничкиот доход утврдени со самоуправната спогодба.

## IV. УТВРДУВАЊЕ И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ДОХОДОТ И НА ЧИСТИОТ ДОХОД НА ОСНОВНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

**1. Утврдување и распоредување на доходот на основната организација**

Член 47

Доходот на основната организација се добива кога од вкупниот приход ќе се надоместат матери-

јалните трошоци и трошоците за амортизација според минималните стапки пропишани со закон, освен материјалните трошоци што според одредбите од овој закон се разграничуваат или се пресметуваат врз товар на обртните средства врз основа на залихите.

Член 48

Доходот на основната организација се распоредува на:

— обврски спрема основните организации што вршат дејности на образование, наука, култура, здравство, социјална заштита и други општествени дејности, а стекнуваат доход односно остваруваат вкупен приход со слободна размена на трудот, за кои со закон е определено да се намируваат од доходот на основната организација;

— обврски со кои се обезбедува социјалната сигурност на работниците, за кои со закон е определено да се намируваат од доходот на основната организација;

— обврски за задоволување на општите општествени потреби утврдени со закон;

— обврски спрема работните заедници што вршат работи од заеднички интерес за основните организации во работната организација или во друга организација на здружен труд;

— издатоци направени за зачувување, унапредување и заштита на човековата работна и животна средина, ако со закон не е определено да се надоместуваат од материјалните трошоци;

— членарини односно придонеси на стопанските комори и на други општи здруженија на организациите на здружен труд;

— издатоци за општонародната одбрана и општествената самозаштита;

— издатоци за амортизацијата над износот пресметан според минималните стапки;

— парични казни за стопански престапи и прекршоци, административни такси и судски трошоци;

— премии за осигурување на општествените средства и на материјалните права што ги сочинуваат основните средства;

— други издатоци направени за извршување на обврски определени со закон што се преземени со самоуправната спогодба или со договорот, односно други обврски пропишани со закон;

— чист доход на основната организација.

Од доходот на основната организација, согласно со алинеја 2 став 1 од овој член, се намируваат и обврските определени со закон за остварување на солидарност во изградбата и користењето на станови.

Од доходот на основната организација, согласно со алинеја 11 став 1 на овој член, се намируваат и придонесот во Титовиот фонд за стипендирање на млади работници и работнички деца, како и издатоците на основната организација за стипендирање на студенти и ученици, преземени со самоуправната спогодба или со договорот.

Под премии за осигурување на општествените средства од алинеја 10 став 1 од овој член се подразбираат премиите за осигурување на основните средства и на обртните средства и премиите за осигурување на работниците од последици од несреќа при вршење на работите на основната организација (премии за осигурување на сообраќајниот персонал, премии за осигурување на работниците кои вршат превоз на пари и други вредносници, премии за осигурување на работниците на монтажни и други слични работи, премии за осигурување на работниците кои работат на работи опасни за животот или штетни за здравјето, како и премии за осигурување на патниците во сообраќајот).

Член 49

Премиите за осигурување и другите издатоци што според одредбите на овој закон, се намируваат од доходот на основната организација, ако се платени однапред, се надоместуваат од доходот во периодот на кој се однесуваат, освен делот кој, според одредбите од овој закон, се засметува во вредноста на залихите.

Член 50

Делот од доходот на основната организација кој е резултат на исклучителните погодности во смисла на член 111 став 1 од Законот за здружениот труд, основната организација го распоредува за намените утврдени со самоуправната спогодба односно со закон.

## 2. Утврдување и распоредување на чистиот доход на основната организација

Член 51

Чистиот доход на основната организација е дел од доходот кој настанува кога од доходот ќе се издвојат обврските и издатоците од член 48 став 1 алинеи до 11 на овој закон.

Член 52

Работниците во основната организација го распоредуваат чистиот доход на основната организација за лични доходи, за заедничка потрошувачка, за унапредување и проширување на материјалната основа на трудот и за создавање и обновување на резервите, врз основа на самоуправниот општ акт со кој се утврдуваат основите и мерилата според кои се врши распоредувањето на чистиот доход на основната организација, во согласност со законот, самоуправната спогодба и општествениот договор.

## 3. Работење на основната организација која има загуба во работењето

Член 53

Основната организација во работењето утврдува загуба, согласно со член 154 од Законот за здружениот труд, ако по завршната сметка не оствари вкупен приход односно доход во височина потребна:

— да се надоместат материјалните трошоци и трошоците за амортизација според минималните стапки пропишани со закон;

— да се покријат исплатените обврски и издатоци од член 110 на Законот за здружениот труд (член 48 од овој закон), освен обврските спрема општествено-политичките заедници и самоуправните интересни заедници за кои според член 153 од Законот за здружениот труд е извршено намалување, ослободување односно поврат;

— да се надоместат средствата за привремено пресметаните и исплатени лични доходи или да се намират со закон загарантираните лични доходи за периодот за кој не се привремено пресметани и исплатени личните доходи, односно за кој не се намирени со закон загарантираните лични доходи.

Основната организација во работењето утврдува загуба и ако по периодичната пресметка не оствари вкупен приход односно доход во височината потребна да се надоместат односно да се покријат издатоците, обврските и аконтациите на личните доходи согласно со одредбата од став 1 на овој член.

**4. Привремено и конечно утврдување и распоредување на доходот**

Член 54

Основната организација во текот на годината привремено го утврдува и распоредува доходот во периодичната пресметка, во рокот пропишан со закон за поднесување на периодичната пресметка.

При привременото утврдување и распоредување на доходот, обврските врз основа на данокот од доходот и на придонесите од доходот се утврдуваат во зависност од остварениот доход на начинот пропишан за конечното утврдување и распоредување на доходот. Усогласување на платените аконтации на даноците и на придонесите од доходот со пресметаните износи на тие обврски се врши во согласност со законот, односно во согласност со самоуправната спогодба. Овие издатоци се надоместуваат од доходот во износите што се однесуваат на периодот за кој се врши привременото утврдување и распоредување на доходот.

По исклучок од одредбата на став 2 од овој член, дел од чистиот доход, привремено распореден за заедничка потрошувачка во делот наменет за задоволување на потребите на домувањето, основната организација користи во текот на годината за тие потреби, во согласност со самоуправниот општ акт за распоредување на чистиот доход.

Средствата за заедничка потрошувачка наменети за потребите на домувањето од став 3 на овој член, како и средствата од личните доходи на работниците здружени во фондот за заедничка потрошувачка, основната организација може и во текот на годината да ги здружува за задоволување на потребите на домувањето во самоуправната интересна заедница за домување.

Со привременото распоредување на чистиот доход се покриваат исплатените аконтации на личните доходи и износите на привремено пресметаните лични доходи кои не се исплатени, а се однесуваат на периодот за кој се врши привременото утврдување и распоредување на чистиот доход, освен износите кои според одредбите на овој закон се ставаат врз товар на обртните средства врз основа на залихи. Делот од чистиот доход привремено распореден за заедничка потрошувачка, за проширување на материјалната основа на трудот и за резерви се користи за покривање на платените аконтации врз основа на обврски што паѓаат врз товар на овие средства, ако нивното плаќање е утврдено со закон, а преостанатиот дел се користи за обртни средства.

Член 55

Конечно утврдување и распоредување на доходот и на чистиот доход основната организација врши во завршната сметка, во рокот пропишан со законот за поднесувањето на завршна сметка.

Ако основната организација прими износи врз основа на поврат на обврски и издатоци од доходот и придонесите и даноците од личните доходи врз основа на кои не се искажни побарувања во завршната сметка, ќе изврши повторно распоредување на доходот односно на чистиот доход, врз основа на самоуправниот општ акт.

Повторно утврдување и распоредување на доходот односно на чистиот доход основната организација ќе изврши и кога со конечното решение на службата на општественото книговодство или со правосилна судска одлука е утврдено незаконито утврдување и распоредување на доходот односно на чистиот доход, како и во случаите предвидени со самоуправниот општ акт.

## V. УТВРДУВАЊЕ И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ВКУПНИОТ ПРИХОД И НА ДОХОДОТ ВО РАБОТНАТА ЗАЕДНИЦА

Член 56

Под остварен вкупен приход што работната заедница ќе го оствари со слободна размена на трудот со работниците на основната организација, на самоуправната интересна заедница и на друга самоуправната организација и заедница за кои ги извршува работите од заеднички интерес од член 95 и член 96 став 1 на Законот за здружениот труд, се подразбираат паричните износи од чл. 6 и 9 на овој закон.

Вкупниот приход работната заедница го распоредува според одредбите на чл. 12 до 18 од овој закон.

Член 57

Работната заедница од член 96 став 2 и од член 97 од Законот за здружениот труд го утврдува доходот во согласност со одредбите на чл. 6 и 9 од овој закон.

Член 58

Ако доходот на работната заедница е поголем од износот на доходот што на работниците во работната заедница им припаѓа за лични доходи и за заедничка потрошувачка во согласност со самоуправната спогодба, односно со договорот, работниците на работната заедница таа разлика од доходот ја користат во согласност со таа самоуправна спогодба.

Ако доходот на работната заедница е помал од износот на доходот што на работниците во работната заедница им припаѓа за лични доходи и за заедничка потрошувачка во согласност со самоуправната спогодба, односно со договорот, таа разлика се обезбедува најдоцна во рок од 30 дена од денот на истекот на рокот за поднесување на завршната сметка, согласно со таа самоуправна спогодба односно договор.

Член 59

Работната заедница привремено го утврдува и го распоредува доходот во периодичната пресметка, а конечно го утврдува и распоредува во завршната сметка, според одредбите на овој закон што се однесуваат на привременото и конечното утврдување и распоредување на доходот во основната организација.

## VI. УТВРДУВАЊЕ И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ВКУПНИОТ ПРИХОД И УТВРДУВАЊЕ НА ДОХОДОТ ВО ЗЕМЈОДЕЛСКА ЗАДРУГА

Член 60

Земјоделската задруга која во својот состав нема основни задружни организации, основната задружна организација и основната организација на кооперанти го утврдуваат вкупниот приход што е содржан во паричните износи од чл. 6, 7 и 9 на овој закон.

Земјоделската задруга која во својот состав нема основни задружни организации, основната задружна организација и основната организација на кооперанти го распоредуваат вкупниот приход според одредбите на овој закон што се однесуваат на распоредувањето на вкупниот приход на основната организација, со тоа што во материјалните трошоци се засметува и вредноста на производите преземени од здружените земјоделци, пресметани според основите и мерилата утврдени во самоуправната спогодба.

Одредбите на овој закон за привременото и конечното распоредување на доходот на основната

организација сообразно се применуваат врз земјоделската задруга која во својот состав нема основни задружни организации, врз основната задружна организација и врз основната организација на кооперанти, во согласност со законот.

## VII. УТВРДУВАЊЕ И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ВКУПНИОТ ПРИХОД И УТВРДУВАЊЕ НА ДОХОДОТ ВО ЗАНАЕТЧИСКИ И ДРУГИ ЗАДРУГИ

### Член 61

Занаетчиската задруга и друга задруга го утврдуваат вкупниот приход што е содржан во паричните износи од чл. 6 до 9 на овој закон.

Занаетчиската задруга и друга задруга го распоредуваат вкупниот приход според одредбите на овој закон што се однесуваат на распоредувањето на вкупниот приход на основната организација, со тоа што во материјалните трошоци ја засметуваат и вредноста на производите преземени од работниците луѓе здружени во задругата, пресметани според основите и мерилата утврдени во самоуправната спогодба.

Одредбите на овој закон за привременото и конечното распоредување на доходот на основната организација сообразно се применуваат врз занаетчиската задруга и друга задруга, во согласност со законот.

## VIII. УТВРДУВАЊЕ И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ВКУПНИОТ ПРИХОД И НА ДОХОДОТ ВО ДОГОВОРНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗАДРУЖЕН ТРУД

### Член 62

Договорната организација на здружен труд го утврдува и распоредува вкупниот приход, доходот и чистиот доход и според одредбите на овој закон што се однесуваат на утврдувањето и распоредувањето на вкупниот приход, на доходот и на чистиот доход на основната организација, со тоа што од делот на чистиот доход што ќе остане по издвојувањето на средствата за лични доходи и за заедничка потрошувачка на работниците и на работоводителот, се распоредува дел на доход што му припаѓа на работоводителот врз основа на правото на сопственост во согласност со договорот за основање на договорната организација.

Одредбите на овој закон што се однесуваат на основната организација што работи со загуба и одредбите за привременото и конечното утврдување и распоредување на доходот во основната организација на здружен труд.

Покривање на загубата во договорната организација се врши од средствата со кои располагаат работовителот и работниците вработени во договорната организација на здружен труд според критериумите што се утврдуваат со закон.

## IX. УТВРДУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ ОД ЗАЕДНИЧКИОТ ДОХОД ВО БАНКИТЕ, И УТВРДУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ ВО ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ ОРГАНИЗАЦИИ И ВО ЗАЕДНИЦИТЕ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ИМОТИ И ЛИЦА ОДНОСНО ВО ЗАЕДНИЦИТЕ ЗА РИЗИЦИ

### Член 63

Приходот на банката и на друга финансиска организација се утврдува од наплатените приходи според основите од сојузниот закон за основите на кредитниот и банкарскиот систем, а според одредбите на чл. 6, 9 и 10 од овој закон.

Под наплатен приход од став 1 на овој член се подразбираат и паричните износи од надоместите за извршени банкарски услуги содржани во инструменти за обезбедување на плаќањето и паричните износи од каматите и од другите приходи содржани во индосирани меници примени во согласност со одредбите на член 7 од овој закон.

Заедничкиот доход во банката односно во друга финансиска организација се добива кога од приходот од ст. 1 и 2 на овој член ќе се намират трошоците на работењето и средствата на работната заедница.

Заедничкиот доход остварен во банката односно во друга финансиска организација се распоредува во рокот утврден со самоуправната спогодба, а најдоцна во рокот пропишан со закон за поднесување на завршната сметка. Распоредениот заеднички доход се уплатува на жиро-сметката на основните организации и на другите самоуправни организации и заедници што учествуваат во заедничкиот доход, во рокот утврден со самоуправната спогодба, а најдоцна во рок од 45 дена од денот пропишан за доставување на завршната сметка до службата на општественото книговодство.

### Член 64

Заедницата за осигурување на имоти и лица и заедницата за ризици, средствата за осигурување што се формираат од средства на осигурениците (премија за осигурување) и од други приходи, ги утврдуваат како приход во парични износи според одредбите на чл. 6, 9 и 10 од овој закон.

Приходот на заедницата за осигурување на имоти и лица и на заедницата за ризици се распоредува според сојузниот закон.

## X. УТВРДУВАЊЕ И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ВКУПНИОТ ПРИХОД, НА ДОХОДОТ И НА ЧИСТИОТ ДОХОД ЗА ПРЕТПРИЈАТИЈА И ПОГОНИ ВО СТРАНСТВО И ВО РАБОТНИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО ОСНОВАЊЕ

### Член 65

Основната организација која основа претпријатија во странство односно мешовити претпријатија во странство, во кои учествува со свои средства над 50%, за тие претпријатија го утврдува и распоредува вкупниот приход, доходот и чистиот доход според одредбите на овој закон.

Одредбата на став 1 од овој член се однесува и на банката и друга финансиска организација, односно на заедницата за осигурување и заедницата за реосигурување, што основа банка и друга финансиска организација односно осигурителна организација и реосигурителна организација во странство.

### Член 66

Ако основната организација одлучи да врши самостојна пресметка за погон односно за друга работна единица во странство, за тој погон односно друга работна единица го утврдува и распоредува вкупниот приход, доходот и чистиот доход според одредбите на овој закон.

### Член 67

Одредбите на овој закон се применуваат врз утврдувањето и распоредувањето на вкупниот приход што работната организација во основање ќе го оствари на пазарот врз основа на продажба на производи и услуги од пробното производство.

## XI. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 68

Со парична казна од 50.000 до 1,000.000 динари ќе се казни за стопански престап основна организација, работна организација, сложена организација на здружен труд, банка или друга финансиска организација или друго општествено-правно лице:

1) ако не го утврди заедничкиот приход или го утврди од приходите што според одредбите на овој закон не се сметаат како наплатен приход (член 25 и член 63 став 1);

2) ако заедничкиот приход остварен со продажба на производи или услуги што се резултат од заеднички труд не го утврди и не го распореди, или го утврди и распореди спротивно на одредбите од овој закон и на основите и мерилата утврдени во самоуправната спогодба за здружување на трудот и средствата (чл. 26 до 30);

3) ако приходот од заедничкото работење (заеднички приход) остварен со продажба на производи или услуги со соработка на основните производствени организации на здружен труд и организациите на здружен труд што се занимаваат со работи на прометот на стоки и услуги не го утврди или не го распореди, или го утврди или го распореди спротивно на одредбите од овој закон (чл. 31 до 34);

4) ако заедничкиот доход што го стекнува врз основа на користење на здружените средства не го утврди и во целост не го распореди врз основните организации на здружен труд што учествувале во неговото остварување или го утврди или распореди спротивно на одредбите од овој закон (чл. 39 до 43);

5) ако заедничкиот приход и заедничкиот доход што ќе го оствари врз основа на здружување на трудот и средствата на земјоделци не го утврди, или го утврди и распореди спротивно на одредбите од овој закон (чл. 45 и 46);

6) ако заедничкиот доход во банката или во друга финансиска организација не го утврди или не го распореди врз основните организации и врз други самоуправни организации и заедници што учествуваат во заедничкиот доход или не изврши уплатување на распоредениот заеднички доход на жиро-сметката на основните организации и на други самоуправни организации и заедници во роковите утврдени со самоуправната спогодба и со овој закон или го утврди или го распореди спротивно на одредбите од овој закон (член 63 ст. 3 и 4);

7) ако заедничкиот приход не го распореди или распоредените средства не ги уплати на жиро-сметката на основните организации што имаат право на учество во заедничкиот приход врз основа на заеднички труд или заедничко работење (чл. 27 и 29 член 32 ст. 1, 2, 5 и 6 и член 35 ст. 1, 2 и 4);

8) ако доходот што го стекнува во своето работење со користење на средства на странски лица, кои врз таа основа имаат право на учество во доходот не го утврди или не го распореди, а притоа посебно не го пресмета работењето со користењето на тие средства (член 44).

За стопанскиот престап од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во основната организација, во работната организација, во сложената организација на здружен труд, во банката или во друга финансиска организација или во друго општествено правно лице со парична казна од 2.000 до 30.000 динари.

Член 69

Со парична казна од 10.000 до 500.000 динари ќе се казни за стопански престап основна организација или друга организација на здружен труд:

1) ако не го утврди вкупниот приход или ако го утврди од приходите што според одредбите на овој закон не се сметаат како наплатени приходи (чл. 6 до 10);

2) ако ги пресмета и ги надомести од вкупниот приход трошоците што според одредбите на овој закон не претставуваат материјални трошоци и трошоци за амортизација што се надоместуваат од вкупниот приход (чл. 12 до 17);

3) ако однапред платените издатоци што според одредбите на овој закон се сметаат како материјални трошоци ги разграничи на период подолг од 12 месеци или ги стави врз товар на материјалните трошоци за периодот за кој не се однесуваат, или издатоците направени за определени цели ги пренесат во наредната година (член 18);

4) ако врз товар на обртните средства, врз основа на залихите на недовршено производство, полупроизводи и делови од сопственото производство и на готови производи ги пресмета материјалните трошоци или вредноста на залихите ја утврди спротивно на одредбите од овој закон (чл. 19 до 23);

5) ако не го утврди и не го распореди доходот и чистиот доход или го утврди или го распореди спротивно на одредбите од овој закон (чл. 48 до 52 и чл. 54 до 55);

6) ако не утврди или утврди загуба во работењето спротивно на одредбите од овој закон (член 53);

За стопанскиот престап од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во основната организација или во друга организација на здружен труд со парична казна од 1.000 до 20.000 динари.

Член 70

Со парична казна од 50.000 до 500.000 динари ќе се казни за стопански престап основна организација или друга организација на здружен труд, банка, или друга финансиска организација, заедница за осигурување на имоти и лица и заедница за реосигурување:

1) ако за претпријатие или погон односно работна единица во странство не го утврди или не го распореди вкупниот приход, доходот и чистиот доход, или го утврди или го распореди спротивно на одредбите од овој закон (член 65 став 1 и член 66);

2) ако за банка или за друга финансиска организација, за заедница за осигурување на имоти и лица или за заедница за реосигурување не го утврди приходот или го утврди или го распореди спротивно на одредбите од овој закон (член 65 став 2);

За стопанскиот престап од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во основната организација или во друга организација на здружен труд, во банка или друга финансиска организација, во заедница за осигурување на имоти и лица или во заедница за реосигурување со парична казна од 2.000 до 20.000 динари.

Член 71

Со парична казна до 200.000 динари ќе се казни за стопански престап работната заедница:

1) ако не го утврди или не го распореди вкупниот приход или го утврди или го распореди спротивно на одредбите од овој закон (член 56);

2) ако не го утврди или не го распореди доходот или го утврди или го распореди спротивно на одредбите од овој закон (чл. 57 до 59).

За стопанскиот престап од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во работната заедница со парична казна до 10.000 динари.

Член 72

Со парична казна од 10.000 до 500.000 динари ќе се казни за стопански престап земјоделска задруга која во својот состав нема основна задружна организација, основната задружна организација или основната организација на коопéранти:

1) ако не го утврди вкупниот приход или го утврди од приходите што според одредбите на овој закон не се сметаат како наплатен приход или го утврди или го распореди спротивно на одредбите од овој закон (член 60 ст. 1 и 2);

2) ако не го утврди или не го распореди доходот или го утврди или го распореди спротивно на одредбите од овој закон (член 60 став 3).

За стопанскиот престап од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во земјоделската задруга која во својот состав нема основна задружна организација, во основната задружна организација или во основната организација на кооперанти со парична казна од 1.000 до 20.000 динари.

Член 73

Со парична казна до 200.000 динари ќе се казни за стопански престап занаетчиска задруга или друга задруга;

1) ако не го утврди вкупниот приход или го утврди од приходите што според одредбите на овој закон не се сметаат како наплатени, или го утврди или го распореди спротивно на одредбите од овој закон (член 61 ст. 1 и 2);

2) ако не го утврди или не го распореди доходот, или го утврди или го распореди спротивно на одредбите од овој закон (член 61 став 3).

За стопанскиот престап од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во занаетчиската задруга или во друга задруга со парична казна до 10.000 динари.

Член 74

Со парична казна до 200.000 динари ќе се казни за стопански престап договорната организација на здружен труд:

1) ако не го утврди вкупниот приход или го утврди од приходите што според одредбите на овој закон не се сметаат како наплатен приход, или го утврди или го распореди спротивно на одредбите од овој закон (член 62 став 1);

2) ако не го утврди или не го распореди доходот и чистиот доход, или го утврди или го распореди спротивно на одредбите од овој закон (член 62 став 2).

За стопанскиот престап од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во договорната организација на здружен труд со парична казна до 10.000 динари.

Член 75

Со парична казна од 50.000 до 500.000 динари ќе се казни за стопански престап заедница за осигурување на имоти и лица, или заедница за ризици, ако не го утврди приходот или го утврди од приходите што според одредбите на овој закон не се сметаат како наплатен приход, или го утврди спротивно на одредбите од овој закон (член 64 став 1).

За стопанскиот престап од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во заедницата за осигурување на имоти и лица или во заедницата за ризици со парична казна од 2.000 до 20.000 динари:

Член 76

Со парична казна до 20.000 динари ќе се казни за стопански престап работна организација во основање, ако не го утврди или не го распореди вкупниот приход, или го утврди или го распореди спротивно на одредбите од овој закон (член 67).

За стопанскиот престап од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во работната организација во основање со парична казна до 10.000 динари.

Член 77

Со парична казна до 50.000 динари ќе се казни за прекршок основна организација, работна организација, сложена организација на здружен труд или друго општествено правно лице ако не изврши привремена односно конечна пресметка на распоредот на заедничкиот приход и за тоа не достави писмена пресметка, или не изврши меѓусебно пресметување на обврските во роковите утврдени со одредбите на овој закон (чл. 28 и 30, член 32 ст. 3 и 4, член 33 и член 25 став 3).

За прекршокот од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во основната организација, во работната организација, во сложената организација на здружен труд или во друго општествено правно лице со парична казна до 10.000 динари.

Член 78

Со парична казна до 30.000 динари ќе се казни за прекршок основна организација или работна заедница:

1) ако во текот на годината во пропишаните рокови не изврши привремено утврдување или распоредување на доходот, или го изврши спротивно на одредбите од овој закон (чл. 54 и 59);

2) ако во пропишаниот рок не изврши конечно утврдување или распоредување на доходот, или го изврши спротивно на одредбите од овој закон (чл. 55 и 59).

За прекршок од став 1 на овој член ќе се казни одговорното лице во основната организација или во работната заедница со парична казна до 3.000 динари.

## XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 79

Основата организација која во 1980 и 1981 година не ќе може да ги покрие негативните курсни разлики, врз основа на обврските настанати според одлуката за утврдување на курсевите на странските валути за определување на основиците за пресметување на царината и другите давачки, за пресметување на даночните олеснениja при извозот и за искажување на правото на увоз и плаќање, како и за потребите на статистиката, и врз таа основа ќе настане загуба во 1980 и 1981 година, може тие курсни разлики да ги разграничи до височината на искажаната загуба, а најмногу во 1980 година до 40% а во 1981 година до 50% од износот на тие курсни разлики, со тоа што ќе ги надомести во 1981 година, односно во 1982 година.

Член 80

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за утврдувањето и

распоредувањето на вкупниот приход и на доходот („Службн лист на СФРЈ", бр. 62/77, 70/78, 55/79 и 64/79), освен одредбата од член 56 која важи до крајот на 1981 година.

Член 81

Одредбите на овој закон се применуваат од 1 јануари 1981 година.

Член 82

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**943.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВИТЕ НА БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

Се прогласува Законот за основите на безбедноста на сообраќајот на патиштата што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата од 29 октомври 1980 година.

П бр. 28
29 октомври 1980 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
**Цвијетин Мијатовиќ**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ**, с. р.

# ЗАКОН

## ЗА ОСНОВИТЕ НА БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

### I. УВОДНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат основните услови на кои мораат да им одговараат јавните патишта, основните правила на сообраќајот на патиштата, системот на сообраќајните знаци, основните услови за стекнување право на управување со моторни возила и основните услови на кои мораат да им одговараат возилата во сообраќајот, кои се единствени за целата територија на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Член 2

Општествено-политичките заедници и нивните органи и организации, месните заедници, организациите на здружен труд и другите самоуправни организации и заедници и нивните здруженија, општествено-политичките организации и другите општествени организации, здруженијата на граѓани и граѓаните се должни, врз основите на општествената самозаштита, со организирање и спроведување на сообраќајно-образовна и превентивна работа, со развивање на сообраќајната свест и култура, солидарноста во меѓусебните односи на учесниците во сообраќајот, со јакнење на нивната дисциплина и одговорност и со преземање на потребните мерки, да создаваат услови за безбедно и уредно одвивање на сообраќајот и за спречување на сообраќајните незгоди и другите опасности.

Член 3

Учесниците во сообраќајот се должни да се грижат за заштитата на животната средина и да развиваат похумани односи меѓу луѓето заради заштита на здравјето и животот на други лица, а особено на децата, инвалидите, старите и немоќните лица.

Учесниците во сообраќајот не смеат да го оштетуваат патот или објектите на патот и да го попречуваат сообраќајот.

Член 4

Проектните задачи за изградба или реконструкција на патиштата мораат, согласно со прописот, да содржат такви барања со кои се гарантира безбедно одвивање на сообраќајот.

Организациите на здружен труд и другите самоуправни организации односно заедници и органи што проектираат јавни патишта се должни тоа да го прават така што јавните патишта да бидат способни за безбеден и непречен сообраќај.

Организациите на здружен труд и другите самоуправни организации односно заедници што изградуваат или реконструираат јавни патишта се должни патиштата да ги изградат или да ги реконструираат така што да може на нив сообраќајот да се одвива на безбеден и непречен начин.

Организациите на здружен труд и другите самоуправни организации односно заедници што одржуваат јавни патишта мораат патиштата да ги одржуваат така што да може на нив во секое време да се одвива безбеден и непречен сообраќај. При одржувањето на јавните патишта посебно внимание мора да му се посвети на отстранувањето на недостатоците на тие патишта поради кои на определени места доаѓа до сообраќајни незгоди.

Член 5

Организациите на здружен труд и другите самоуправни организации односно заедници и органи што школуваат или обучуваат кандидати за возачи на моторни возила се должни обуката да ја изведуваат на начин кој ќе обезбеди кандидатите да ги научат и да ги усвојат правилата на сообраќајот, етиката во сообраќајот, да овладеат со техниката на управувањето со возилото и да ги стекнат другите знаења и вештини потребни за безбедно учествување во сообраќајот.

Образовните и другите организации и заедници треба да придонесат кон воспитувањето на населението, а особено на децата и младината во училиштата заради подигнување на општата сообраќајна култура.

Организациите на здружен труд и другите самоуправни организации односно заедници и органи што се занимаваат со јавно информирање, кога во извршувањето на своите редовни дејности се занимаваат со прашања од областа на безбедноста на сообраќајот, ќе настојуваат да придонесуваат кон воспитувањето на населението заради подигнување на општата сообраќајна култура.

Член 6

Организациите на здружен труд и другите самоуправни организации односно заедници, како и поединците кои самостојно вршат дејност со личен труд со средствата во сопственост на граѓани, кога произведуваат, одржуваат и поправаат возила или пуштаат во промет возила, уреди, резервни делови и опрема за возила, се должни возилата, уредите, деловите и опремата да ги произведуваат, да ги пуштаат во промет, да ги одржуваат односно поправаат

според пропишаните услови неопходни за безбедно учествување на возилата во сообраќајот на патиштата.

Член 7

Организациите на здружен труд и другите самоуправни организации односно заедници и органи се должни да се грижат возачите на нивните возила да ги исполнуваат пропишаните здравствени и други услови неопходни за безбедно управување со возилата.

Организациите на здружен труд и другите самоуправни организации односно заедници, органите и поединците кои користат возила во сообраќајот на патиштата се должни да ги преземаат потребните мерки за да бидат нивните возила во исправна состојба и да ги имаат пропишаните уреди и опрема.

Член 8

Самоуправните интересни заедници, организациите на здружен труд и други организации и органи што се грижат за јавните патишта и ги одржуваат се должни да организираат и трајно да вршат контрола над состојбата и одржувањето на јавните патишта и на објектите на нив, над поставувањето на сообраќајни знаци и над обезбедувањето услови за безбеден и непречен сообраќај на јавните патишта.

Организациите на здружен труд и другите организации и органи што вршат јавен превоз и превоз за сопствените потреби се должни да организираат и трајно да вршат контрола над исполнувањето на пропишаните услови за работа на возачите, над техничката исправност на возилата и над исполнувањето на условите предвидени со други прописи од кои зависи безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Член 9

Сообраќајот на јавен пат може да се ограничи или да се забрани само кога е тоа неопходно заради спречување или отстранување на опасности за учесниците во сообраќајот, спречување на оштетување на јавниот пат или изведување на работи на јавен пат.

Член 10

Одделните изрази употребени во овој закон ги имаат следните значења:

1) „пат" е секој јавен пат и некатегоризиран пат на кој се врши сообраќај;

2) „јавен пат" е површина од општо значење за сообраќајот, која што секој може слободно да ја користи под условите определени со закон и која надлежниот орган ја прогласил за јавен пат, како и улиците во населба;

3) „автопат" е јавен пат посебно изграден и наменет исклучиво за сообраќај на моторни возила, кој како автопат е означен со пропишаниот сообраќаен знак, кој има две физички одвоени коловозни ленти (зелен појас, заштитна ограда и сл.) за сообраќајот од спротивните насоки, без вкрстување со напречни патишта и со железнички или трамвајски пруги во исто ниво и во чиј сообраќај може да се вклучува односно да се исклучува само по определени и посебно изградени приклучни јавни патишта на соодветната коловозна лента на автопатот;

4) „пат резервиран за сообраќај на моторни возила" е јавен пат по кој можат да сообраќаат само моторни возила и кој како таков е означен со пропишаниот сообраќаен знак;

5) „меѓународен пат" е јавен пат кој со меѓународен акт, што го ратификувала Социјалистичка Федеративна Република Југославија, е распореден во мрежата на меѓународни патишта;

6) „магистрален пат" е меѓународен пат и јавен пат кој ги поврзува главните градови или поважните стопански подрачја на републиките или на автономните покраини;

7) „регионален пат" е јавен пат кој поврзува стопански подрачја на една република или автономна покраина или кој е од посебно значење за републиката или за автономната покраина;

8) „локален пат" е јавен пат кој поврзува населби на територијата на општината или кој е од значење за сообраќајот на територијата на општината;

9) „некатегоризиран пат" е површина што се користи за сообраќај врз која и да било основа и која е достапна за поголем број разни корисници (селски, полски, шумски патишта, патишта на насипите за одбрана од поплави и сл.);

10) „земјен пат" е пат без изграден коловоз и коловозна постилка, па и кога на приклучокот кон јавен пат има изграден коловоз;

11) „коловоз" е дел од површината на патот наменет првенствено за сообраќај на возила;

12) „тротоар" е посебно уредена сообраќајна површина наменета за движење на пешаци, која не е во исто ниво со коловозот на патот или од коловозот е одвоена на друг начин;

13) „обележан пешачки премин" е дел од површината на коловозот наменет за преминување на пешаци преку коловозот, обележан со ознаки на коловозот или со соодветен сообраќаен знак;

14) „велосипедска патека" е изградена сообраќајна површина наменета за сообраќај на велосипеди и на велосипеди со мотор, која се протега по должнината на коловозот и која од него е одвоена и обележана со пропишаниот сообраќаен знак;

15) „коловозна лента" е надолжен дел од коловозот наменет за сообраќај на возилата во една насока, со една или повеќе сообраќајни ленти;

16) „сообраќајна лента" е обележан или необележан надолжен дел од коловозот чија широчина е доволна за непречен сообраќај на еден ред возила;

17) „населба" е простор на кој редови или групи згради се наоѓаат од едната или од обете страни на патот, давајќи му изглед на улица и чии граници се означени со сообраќајни знаци за обележување на населени места;

18) „пешачки остров" е воздигната или на друг начин обележана површина која се наоѓа на коловозот и која е определена за привремено задржување на пешаците што преминуваат преку коловозот или што влегуваат и излегуваат од возила на јавниот сообраќај;

19) „раскрсница" е површина на која се вкрстуваат или се соединуваат два или повеќе патишта, како и поширока сообраќајна површина (плоштади и сл.) што настанува со вкрстување односно со соединување на патишта;

20) „возило" е секое превозно средство наменето за движење по патот, освен подвижните столови без мотор за немоќни лица и детските превозни средства;

21) „возило на моторен погон" е секое возило што се движи со силата на сопствен мотор, освен возилата што се движат по шини;

22) „моторно возило" е такво возило на моторен погон што првенствено е наменето за превоз на лица и предмети на патишта или кое служи за влечење на приклучни возила наменети за превоз на лица и предмети, освен возилата за превоз на лица

и предмети што се движат по шини, велосипедите со мотор, тракторите и другите возила на моторен погон што првенствено не се наменети за превоз на лица и предмети;

23) „велосипед" е возило што има најмалку две тркала и што се движи исклучиво со силата на возачот;

24) „велосипед со мотор" е возило на моторен погон со две или три тркала, чија работна зафатнина на моторот не надминува 50 $cm^3$ и кое на рамен пат не може да развие брзина поголема од 5 км на час;

25) „мотоцикл" е моторно возило на две тркала со бочна приколка, или без неа, како и моторно возило на три тркала — ако неговата тежина не надминува 400 кг;

26) „патнички автомобил" е моторно возило наменето за превоз на лица кое, освен седиштето за возачот, има најмногу осум седишта;

27) „автобус" е моторно возило наменето за превоз на лица кое, освен седиштето за возачот, има повеќе од осум седишта;

28) „тролејбус" е моторно возило наменето за превоз на лица кое, освен седиштето за возачот, има повеќе од осум седишта и кое, заради напојување на моторот со електрична енергија, е врзано за електричен ~~спроводници~~; проводник;

29) „товарно возило" е секое моторно возило што е наменето за превоз на предмети;

30) „комбинирано возило" е моторно возило наменето за истовремен превоз на лица и предмети;

31) „трактор" е возило на моторен погон конструирано да влече, потиснува или да носи изменливи орудија, односно да служи за погон на такви орудија или за влечење на приклучни возила;

32) „приклучно возило" е возило наменето да биде влечено од возило на моторен погон, било да е конструирано како приколка било како полуприколка;

33) „полуприколка" е приклучно возило без предна оска, конструирано така што со својот преден дел да се потпира врз влечното возило;

34) „лесна приколка" е приклучно возило чија најголема дозволена тежина не надминува 750 кг;

35) „група возила" прават возило на моторен погон и приклучни возила кои во сообраќајот на патиштата учествуваат како целина;

36) „запрежно возило" е возило што го влече впрегнато животно;

37) „носивост" е дозволената тежина до која може да се оптовари возилото според декларацијата на производителот на возилото;

38) „тежина на возилото" е тежината на празното возило со полн резервоар со гориво и со приборот и опремата предвидена за возилото;

39) „вкупна тежина" е тежината на возилото заедно со тежината на товарот што се превезува на возилото, вклучувајќи ја и тежината на лицата што се наоѓаат на возилото, како и тежината на приклучното возило со товарот — ако е тоа придодадено кон возилото;

40) „најголема дозволена тежина" е тежината на возилото заедно со неговата носивост;

41) „осно оптоварување" е дел од вкупната тежина со која оската на возилото го оптоварува коловозот на патот во состојба на мирување на возилото;

42) „учесник во сообраќајот" е лице кое во сообраќајот на патот управува со возило или се наоѓа во возило, кое тера, води или јава животно кое се движи по патот, како и пешак или лице кое своите работни задачи и работи ги врши на патот;

43) „возач" е лице кое на патот управува со возило;

44) „пешак" е лице кое учествува во сообраќајот а не управува со возило ниту се превезува во возило, лице кое со сопствена сила турка или влече детско превозно средство, велосипед, велосипед со мотор или подвижна количка за немоќни лица, како и лице во подвижен стол за немоќни лица што го движи со сопствена сила или со сила на мотор ако притоа се движи со брзина на човечки од;

45) „запирање на возило" е секој прекин на движењето на возилото на патот во траење до 15 минути, освен прекинот кој се врши за да се постапи според знакот или правилото со кое се регулира сообраќајот;

46) „паркирање на возило" е прекин на движењето на возилото во траење подолго од 15 минути, освен прекин што се врши за да се постапи според знакот или правилото со кое се регулира сообраќајот;

47) „разминување" е минување со возило покрај друго возило кое се движи по истиот коловоз од спротивната насока;

48) „престигнување" е минување со возило покрај друго возило што се движи во иста насока;

49) „обиколување" е минување со возило покрај запрено или паркирано возило или покрај друг објект што се наоѓа на сообраќајната лента по која се движи возилото;

50) „пропуштање на возило" е дејствие што во определени случаи е должен да го изврши возачот со запирање на возилото, со намалување на брзината на движењето или со прекинување на дејствието што го изведува со возилото, и тоа на начин кој не го присилува возачот на другото возило нагло да го менува правецот или брзината на движењето;

51) „колона" е редица возила што се запрени на патот или што се движат по иста сообраќајна лента во иста насока, при што брзината на движењето на возилата и постапувањето на возачите меѓусебно се условени и помеѓу кои не може без попречување да влезе друго возило;

52) „намалена видливост" постои ако поради неповолни атмосферски или други прилики (магла, снег, дожд, прашина, чад и сл.) возачот не може јасно да ги уочи другите учесници во сообраќајот на оддалеченост од најмалку 200 м на отворен пат, односно од најмалку 100 м во населба;

53) „сообраќајна незгода" е незгода на патот во која учествувало најмалку едно возило во движење и во која едно или повеќе лица загинале или се повредени или е предизвикана материјална штета.

## II. ПАТИШТА

### Член 11

Патиштата, како основа на која се одвива сообраќајот, мораат да се проектираат, изградуваат, опремуваат и одржуваат така што да ѝ одговараат на својата намена и на барањата на безбедноста на сообраќајот.

### Член 12

Јавните патишта, нивните одделни делови и објектите на нив можат да се пуштат во сообраќај дури откако ќе се утврди дека од гледиштето на безбедноста на сообраќајот ги исполнуваат пропишаните технички нормативи.

Член 13

Мрежата на јавните патишта, зависно од нивното општествено и стопанско значење, ја сочинуваат магистралните, регионалните и локалните патишта, како и улиците во населбите.

За јавните патишта и за објектите на нив се води евиденција.

Член 14

Јавниот пат го сочинуваат долниот и горниот строеж на патот (труп на патот), патните градежни објекти, сообраќајните знаци, опремата на патот и објектите за потребите на патот, а на јавните патишта надвор од населбите — и земјишниот појас од обете страни на патот со широчина од најмалку 1 м, сметајќи од линијата што ја прават крајните точки на напречните профили на патот и воздушниот простор над коловозот во височина од 7 м.

Член 15

Јавните патишта мораат да имаат најмалку две сообраќајни и две рабни ленти, а улиците — тротоари и наместо рабни ленти — рабници.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член локалниот пат може да има само една сообраќајна лента со тоа што, зависно од прегледноста на патот, на растојание од најмногу 500 м, да има соодветно проширување, а улицата само една сообраќајна лента без проширување.

Член 16

Јавните патишта мораат да бидат оспособени да поднесат осно оптоварување од најмалку десет тони по оска.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член. локалните патишта и улиците определени со одлуки на надлежните органи во републиките односно во автономните покраини мораат да бидат оспособени да поднесат осно оптоварување од најмалку шест тони.

Член 17

На јавниот пат над коловозот мора да постои слободен простор во височина од најмалку 4,5 м, сметајќи од највисоката точка на коловозот.

Член 18

Магистралните патишта мораат да ги исполнуваат следните услови:

1) сообраќајните ленти да бидат широки најмалку по 3,5 м, со тоа што, зависно од конфигурацијата на теренот, густината и структурата на сообраќајот, широчината на сообраќајната лента може да се намали до 3 м;

2) другите елементи на патот (полупречникот на кривината, надолжниот наклон и др.) да овозможуваат безбеден сообраќај за поголеми брзини, а најмалку за брзина од 60 км на час, а по исклучок и 40 км на час на планинските преслопи и на други неповолни планински терени;

3) раскрсниците да бидат изведени така што да им се овозможи на возилата безбедно вклучување и исклучување од патот.

Магистралните патишта и нивните ознаки ги утврдува Сојузниот извршен совет на предлог од надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина.

Член 19

Автопатиштата се наменети исклучиво за сообраќај на моторни возила и мораат да ги исполнуваат следните услови:

1) да имаат две физички одвоени коловозни ленти со најмалку две сообраќајни ленти за секоја коловозна лента, со тоа што секоја сообраќајна лента мора да биде широка најмалку 3,75 м а, зависно од конфигурацијата на теренот, широчината на сообраќајната лента да може да се намали до 3,25 м;

2) вкрстувањето на автопатот со кој и да било пат или со железничка или трамвајска пруга да биде надвор од нивото;

3) секоја коловозна лента да има посебна лента со широчина од 2,5 м за присилно запирање на возила по должината на целата лента или по должината на одделни нејзини делови на погодни растојанија, зависно од теренските услови, а во тунелите и галериите, наместо посебна лента, може на погодни места да има уредени простори за присилно запирање на возила;

4) приклучувањето на јавен пат кон автопатот да биде изведено со приодни објекти кои обезбедуваат да не се попречува сообраќајот со вклучувањето на возила на автопатот односно со нивното исклучување од автопатот;

5) другите елементи на патот (полупречникот на кривината, надолжниот наклон и др.) зависно од конфигурацијата на теренот, да овозможуваат поголеми брзини, а најмалку брзина од 80 км на час.

Член 20

На мостовите, во тунелите, галериите и на други објекти на јавен пат широчината на коловозот не смее да биде помала од широчината на коловозот на јавниот пат.

Автобуските стојалишта за влегување и излегување на патниците на јавен пат надвор од населба, како и на дел од магистралниот пат во населба, мораат да бидат надвор од коловозот.

Член 21

Заради осигурување на безбеден и непречен сообраќај на јавните патишта, забрането е да се подигаат објекти, уреди или постројки, да се садат садници или да се поставуваат предмети со кои се намалува прегледноста на патот и на железничката пруга со која се вкрстува патот во исто ниво, како и прегледноста на раскрсниците, или да се вршат какви и да било дејствија што би можеле да го загрозуваат или попречуваат сообраќајот на јавниот пат или да го оштетуваат јавниот пат и објектите на него.

На јавниот пат и на неговиот заштитен појас не е дозволено да се подигаат споменици и да се поставуваат спомен-натписи, реклами, крајпатни и други спомен-знаци, да се продаваат разни производи и сл.

Член 22

Организацијата на здружен труд која изведува работи на јавниот пат е должна, пред почетокот на работите, да го обезбеди местото на кое ќе се изведуваат работите и за време на траењето на работите да организира безбеден сообраќај на местото на изведувањето на работите.

Организацијата на здружен труд од став 1 на овој член е должна, по завршувањето на работите, да ги отстрани од јавниот пат остатоците од материјалот, средствата за работа, сообраќајните знаци, браниците и другите предмети што ги поставила при изведувањето на работите.

Член 23

Во случај на прекинување или загрозување на сообраќајот на јавен пат поради сосни, одронувања или лизгања на теренот, голомразица или други причини, како и во случај на оштетувања на коловозот кои во поголема мера ја загрозуваат безбеднос-

та на сообраќајот, мораат веднаш да се преземат мерки за отстранување на пречките и за воспоставување на безбеден сообраќај.

Член 24

Самоуправните интересни заедници за патишта, односно заедниците за патишта се должни навремено и точно да ја известуваат јавноста за ограничувањето и забраната на сообраќајот на јавните патишта и за вонредните услови и посебните мерки за сообраќај на нив, како и за проодноста на јавните патишта во зимскиот период и во случај на елементарни непогоди или вонредни настани, поради кои настанал прекин на сообраќајот односно поради што значително се отежнати условите на сообраќајот.

Самоуправните инересни заедници, односно заедниците од став 1 на овој член се должни, едновремено со известувањето на јавноста, да му доставуваат на Автомото сојузот на Југославија податоци за проодноста на јавните патишта, што му се потребни во вршењето на јавните овластувања утврдени со сојузен закон.

Член 25

Ако сообраќајот на моторни возила на јавен пат надвор од населбата е мошне густ, вкрстувањето на тој пат со друг пат мора да биде надвор од нивото.

Вкрстувањето на јавен пат со железничка пруга мора да биде надвор од нивото во случај на мошне густ сообраќај на моторни возила и зачестен железнички сообраќај, како и кога тоа го бараат теренските или техничките услови или причините на безбедноста на сообраќајот.

Член 26

Јавните патишта надвор од населби мораат да имаат посебни површини за задржување на возилата надвор од коловозот на погодни растојанија, а во случај на мошне густ сообраќај на деловите со поголем надолжен наклон — и посебна сообраќајна лента за движење на бавните возила.

## III. ПРАВИЛА НА СООБРАЌАЈОТ

### 1. Општи одредби

Член 27

Учесниците во сообраќајот се должни да постапуваат во согласност со прописите за правилата на сообраќајот, со сообраќајните знаци поставени на патот и со знаците и наредбите што ги даваат овластените лица.

Учесниците во сообраќајот се должни да постапуваат во согласност со сообраќајните знаци поставени на патот и кога со тоа отстапуваат од прописите за правилата на сообраќајот, како и да постапуваат според светлосниот сообраќаен знак кога тој знак се разликува од правилото за првенство на поминување изразено на истото место со друг сообраќаен знак.

Учесниците во сообраќајот мораат да постапуваат и според барањата изразени со помош на знаци или според наредбите што ги даваат овластените лица и кога со тоа отстапуваат од пропишаните правила на сообраќајот или од значењето на сообраќајните знаци поставени на патот.

Член 28

Оштетени возила, предмети и материи што можат да ја попречуваат или загрозат безбедноста на сообраќајот не смеат да се оставаат или да се фрлаат на патот.

Возачот е должен да ги отстрани од коловозот предметите што од неговото возило ќе паднат на патот и предметите што при запирањето на возилото ги ставил на патот.

Член 29

Возачот е должен да го држи возилото на таква оддалеченост од другите возила во сообраќајот што, со оглед на брзината на движењето на возилото и другите околности на сообраќајот, да не предизвикува опасност и да не ги попречува другите возачи.

Член 30

Возачот е должен да обрне внимание на пешаците што се наоѓаат на коловозот или што стапуваат на коловозот.

Кога приоѓа кон обележан пешачки премин возачот мора да управува со возилото со особена претпазливост и да вози со таква брзина што да може, во случај на потреба, да го запре возилото пред пешачкиот премин.

Член 31

Слепите лица кога самостојно учествуваат во сообраќајот треба да носат бел стап како знак за распознавање.

Возилото што е направено со него да управува лице чии екстремитети суштствени за управување со возило се оштетени, на барање од тоа лице, може да биде обележано со посебен знак.

Член 32

Возачот на возило што се движи покрај возило за јавен превоз на патници или покрај автобус со кој се врши превоз за сопствени потреби, запрен на стојалиште, мора да се движи со намалена брзина така што да не ги загрозува лицата што влегуваат во тоа возило односно што излегуваат од него.

Лицата од став 1 на овој член кога заради влегување или по излегувањето од возилото треба да поминат преку коловозот се должни тоа да го прават на начинот пропишан во чл. 102 и 104 од овој закон.

Возачот мора да го запре своето возило зад возилото од став 1 на овој член кога лицата, влегувајќи односно излегувајќи од тоа возило, мораат да поминат преку сообраќајната лента по која се движи возилото.

Возачот на возилото што се движи зад возило со кое се превезуваат деца, како и возачот на возилото што на тоа возило му доаѓа во пресрет на пат со две сообраќајни ленти, должен е да се запре кога возилото со кое се превезуваат деца е запрено на коловозот додека децата влегуваат или излегуваат од возилото.

Возилото за превоз на деца мора да биде обележано со посебен знак.

Член 33

За време на возење во населба возачот е должен на возилото за јавен градски превоз на патници или на посебно обележаното возило наменето за превоз на деца да им овозможи вклучување во сообраќајот кога тие возила излегуваат од стојалиште што се наоѓа надвор од коловозот, односно од проширувањето на сообраќајната лента која служи за стојалиште.

Возачот на возило за јавен градски превоз на патници или на посебно обележано возило наменето за превоз на деца е должен со помош на покажувачот на правецот да ја најави својата намера да се вклучи во сообраќајот и тоа вклучување да го изврши на начин со кој не се загрозуваат другите учесници во сообраќајот.

Член 34

Лицето што се превозува со возило не смее на кој и да било начин да го попречува возачот во управувањето со возилото, ниту да влијае врз возачот да управува со возилото на начин со кој се намалува безбедноста на сообраќајот.

Член 35

Возачот и лицето што се превезува во моторно возило во кое се вградени сигурносни појаси се должни, за времето додека се движи возилото во сообраќајот на јавен пат, да бидат врзани со тие појаси.

Член 36

Во патнички автомобил на предното седиште до возачот не смее да се превезува дете помладо од 12 годишна возраст, како ниту лице кое е очигледно под влијание на алкохол.

Член 37

Возилата не смеат на предната страна да имаат светлосни, светлосносигнални или рефлектирачки уреди или материи што даваат светло со црвена боја, а на задната страна — уреди или материи што даваат светла со бела боја.

Одредбата на став 1 од овој член во поглед на светлото со бела боја не се однесува на светлото за осветлување на патот при возење наназад, на подвижното светло за истражување (рефлектор), на светлото за осветлување на регистарската табличка и на регистарската табличка премачкана со бела рефлектирачка боја.

Одредбата на став 1 од овој член не се однесува ниту на црвеното трепкаво светло на посебните моторни возила што следат возила под придружба.

## 2. Дејствија со возилото во сообраќајот

Член 38

Возачот што е со намера да изврши на патот некое дејствие со возилото (поместување на возилото надесно или налево, менување на сообраќајната лента, престигнување, обиколување, запирање, свртување надесно или налево, полукружно свртување, возење наназад и сл.) смее да го започне таквото дејствие само ако претходно се уверил дека тоа може да го направи без опасност за другите учесници во сообраќајот или за имотот, водејќи притоа сметка за положбата на возилото и за правецот и брзината на движењето.

Возачот е должен да постапи според одредбата од став 1 на овој член и кога се вклучува во сообраќајот (излегување на возилото од гаража или од двор или од други слични површини).

Член 39

Пред вршењето на дејствијата со возило од член 38 на овој закон, возачот е должен јасно и навремено да ги извести за својата намера другите учесници во сообраќајот, давајќи им знак со помош на покажувачите на правецот или — ако тие не постојат — соодветен знак со раката.

Ако знакот од став 1 на овој член возачот го дава со помош на покажувачот на правецот, тој мора да го дава за сето време на вршењето на дејствието со возилото, а по извршеното дејствие — мора да престане да го дава.

По исклучок од одредбите на ст. 1 и 2 од овој член, возачот не е должен по извршеното престигнување на друго возило да даде знак дека е со намера да се врати на сообраќајната лента по која се движел пред престигнувањето.

## 3. Движење на возилото по патот

Член 40

Возачот мора за движење на своето возило да го користи исклучиво патот односно коловозот или сообраќајната лента односно патеката наменета за сообраќај на оној вид возила на кој му припаѓа возилото, освен во случај на опасност.

Член 41

Возилото се движи по десната страна на коловозот во правецот на движењето.

Возачот е должен да го држи возилото во движење што поблиску до десниот раб на коловозот и на толкава оддалеченост од него што, со оглед на брзината на движењето на возилото, условите на сообраќајот и состојбата и особините на патот, да не ги загрозува другите учесници во сообраќајот и да не се излага себеси на опасност.

По исклучок од одредбата на став 2 од овој член, на патот во населба со коловоз на кој за сообраќај на возила во иста насока постојат најмалку две обележани сообраќајни ленти, за движење на своето возило возачот може да ја користи и сообраќајната лента што не се наоѓа покрај десниот раб на коловозот, ако со тоа не го попречува движењето на другите возила што се движат зад неговото возило.

Одредбата на став 3 од овој член не се однесува на возачот на возило кое на рамен пат не може да развие брзина на движење поголема од 40 км на час и на возачот на возило кое не се смета за моторно возило, освен на дел од патот пред раскрсница или на друго место на кое возилото свртува налево.

Член 42

На пат со коловоз за сообраќај на возила во обете насоки на кој постојат најмалку четири сообраќајни ленти, возачот не смее со возилото да преминува на коловозната лента наменета за сообраќај на возилата од спротивната насока.

На пат со коловоз за сообраќај на возила во обете насоки на кој постојат три сообраќајни ленти, возачот не смее со возилото да се движи по сообраќајната лента што се наоѓа до левиот раб на патот во правецот на движењето на возилото.

На пат на кој коловозните ленти се физички одвоени една од друга, возачот не смее со возилото да се движи по коловозната лента наменета за сообраќај на возилата од спротивната насока.

На пат со коловоз на кој сообраќајот на возилата се врши во една насока, возачот не смее со возилото да се движи во забранетата насока.

Член 43

Возачот што е со намера да изврши движење со возилото наназад може да го изврши тоа дејствие само на краток дел од патот и ако со тоа не ги загрозува или не ги попречува другите учесници во сообраќајот.

Кога возачот се движи со возилото наназад должен е да се движи по онаа страна од коловозот по која се движел дотогаш со возењето нанапред.

Член 44

Возачот не смее да го менува начинот на управување со возилото со нагло намалување на брзината на возилото, освен во случај на непосредна опасност.

Возачот што е со намера позначително да ја намали брзината на движењето на возилото должен е тоа да го стори, освен во случај на непосредна опасност, на начин со кој нема да ги загрози или во поголема мерка да ги попречува другите воза-

чи што се движат зад него, како и да ги предупреди тие возачи за својата намера со вклучување на стоп-светлото или со давање соодветен знак со раката.

#### 4. Брзина

Член 45

Возачот е должен да ја регулира брзината на движењето на возилото спрема особините и состојбата на патот, видливоста, атмосферските прилики, состојбата на возилото и на товарот, густината на сообраќајот и другите сообраќајни услови, така што да може навремено да го запре возилото пред секоја пречка што, под дадените услови, може да ја предвиди.

Возачот не смее да ја намали брзината на движењето на возилото до таа мера што неговото возило да му причинува пречки на нормалното одвивање на сообраќајот.

Член 46

На патот во населба, возачот не смее со возилото да се движи со брзина поголема од 60 км на час односно со брзина поголема од брзината дозволена со поставениот сообраќаен знак за целата населба или за нејзин дел.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, на патот во населба, чиишто сообраќајно-технички елементи тоа го овозможуваат, може со сообраќаен знак да се дозволи движење со возило и со брзина поголема од 60 км на час.

На патот надвор од населба, возачот не смее, со возилото да се движи со брзина поголема од:

1) 120 км на час на автопатиштата;

2) 100 км на час на патиштата резервирани за сообраќај на моторни возила;

3) 80 км на час на другите патишта.

На патот надвор од населба, возачот не смее, со возилото да се движи со брзина поголема од брзината определена со сообракајниот знак поставен на патот.

Член 47

Брзината на движењето на моторните возила на патот, под нормални услови на сообраќајот, не смее да се ограничи со сообраќаен знак под 40 км на час.

Член 48

На патиштата се ограничува брзината на движењето за следните категории моторни возила:

1) на 80 км на час — за автобуси и автобуси со лесна приколка, како и за товарни моторни возила чија најголема дозволена тежина не надминува 7.500 кг;

2) на 80 км на час — за моторни возила кои влечат приколка за домување (караван);

3) на 70 км на час — за товарни моторни возила чија најголема дозволена тежина надминува 7.500 кг и за товарни моторни возила со приклучно возило;

4) на 50 км на час — за автобуси со приклучно возило за превоз на лица.

Кога управуваат со моторните возила од став 1 на овој член возачите се должни да се придржуваат кон брзините пропишани во став 1 на овој член и на патот на кој со овој закон или со поставениот сообраќаен знак е дозволена поголема брзина.

Моторните возила од точ. 1 и 3 и приклучните возила од точка 4 став 1 на овој член, што се регистрирани во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, освен возилата на вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, мораат на левата половина од својата задна страна на видно место да имаат ознака во форма на круг со жолта боја, обрабен со црвен раб, во кој со црна боја е испишан бројат што ја означува најголемата дозволена брзина со која смеат да се движат тие возила.

#### 5. Свртување

Член 49

Возачот на возилото што свртува надесно е должен свртувањето да го изврши движејќи се по крајната сообраќајна лента што се протега покрај десниот раб на коловозот освен ако со сообраќаен знак на патот не е определно поинаку.

Возачот на возилото што свртува налево е должен свртувањето да го изврши движејќи се по крајната лева сообраќајна лента што се протега покрај средишната линија и покрај замислениот или обележаниот лак што ги соединува двете средишни линии на бочните коловози, односно по сообраќајната лента што се протега покрај левиот раб на патот со еднонасочен сообраќај, освен ако со сообраќајниот знак на патот не е определено поинаку.

#### 6 Првенство на минување

Член 50

На раскрсница или во пресрет со друго возило возачот е должен да го пропушти возилото што наидува од неговата десна страна.

Возачот на возило кој на раскрсница свртува налево е должен да ги пропушти возилата кои доаѓајќи од спротивната насока, на раскрсницата го задржуваат правецот на своето движење или свртуваат надесно, освен ако со поставениот сообраќаен знак не е определено поинаку.

По исклучок од одредбите на ст. 1 и 2 од овој член, возилото што се движи по шини има првенство на минување на раскрсница или во пресрет со друго возило, без оглед од која страна тоа му доаѓа, освен ако со поставениот сообраќаен знак не е определено поинаку.

Возачот кој влегува со возилото на пат што е означен со сообраќаен знак како пат со првенство на минување должен е да ги пропушти сите возила што се движат по тој пат.

Возачот е должен да ги пропушти сите возила што се движат по патот на кој влегува тој и кога тој пат не е означен со сообраќаен знак како пат со првенство на минување ако со возилото влегува од земјен пат на пат со коловозна постилка или ако на пат влегува од површина на која не се врши сообраќај.

Возачот кој при свртувањето на возилото пресечува велосипедска патека должен е да ги пропушти возилата што се движат по велосипедската патека.

#### 7. Сообраќај на раскрсница

Член 51

Возачот кој се доближува до раскрсница мора да вози со зголемена претпазливост која им одговара на условите на сообраќајот на раскрсницата.

Возилото што се движи по шини поставени по средината на коловозот не смее да се престигнува од левата страна. Тоа возило може да се престигнува од десната страна ако меѓу тоа возило и десниот раб на коловозот постои сообраќајна лента.

Член 60

Ако на средината на коловозот се наоѓа пешачки остров, или обележан или на друг начин означен простор за паркирање на возила, или некоја друга површина што не е наменета за сообраќај на возила, или некој објект или уред, нив возилата мораат да ги обиколуваат од десната страна.

Ако површините, објектите или уредите од став 1 на овој член се наоѓаат на средината на патот со еднонасочен сообраќај, а со поставениот сообраќаен знак не е определено поинаку, тие можат да се обиколуваат од двете страни.

Член 61

Возачот кому е даден знак за престигнување од неговата лева страна е должен да го помести своето возило кон десниот раб на коловозот.

Возачот на возилото што се престигнува за времето додека другото возило го престигнува не смее да ја зголемува брзината на движењето на своето возило.

Ако недоволната широчина на коловозот или неговата состојба не овозможува престигнување без загрозување на безбедноста на сообраќајот, возачот на возилото што се движи побавно отколку возилата што се движат непосредно зад него е должен да го помести своето возило што повеќе надесно, а ако тоа е недоволно — да го запре своето возило на погодно место штом тоа ќе му биде можно за да ги пропушти побрзите возила.

Член 62

Возачот не смее со возилото да започне престигнување или обиколување:

1) на колони возила;

2) ако возачот кој се движи зад него започнал престигнување;

3) ако возачот кој е пред него на истата сообраќајна лента дал знак дека е со намера да го престигне или обиколи возилото што е пред неговото возило, или да обиколи друга пречка на патот;

4) ако сообраќајната лента по која е со намера да го изврши престигнувањето не е слободна на доволно растојание така што, водејќи сметка за разликата помеѓу брзината на движењето на своето возило за време на престигнувањето и брзината на движењето на возилата на другите учесници во сообраќајот што е со намера да ги престигне, со престигнувањето ќе ја загрози безбедноста на сообраќајот или ќе го попречи сообраќајот од спротивната насока;

5) ако по извршеното престигнување или обиколување не би можел повторно да си ја заземе положбата на сообраќајната лента по која се движел пред престигнувањето или обиколувањето, и тоа без попречување или загрозување на другите учесници во сообраќајот, освен кога за престигнување или обиколување ја користи сообраќајната лента што е забранета за сообраќај на возилата од спротивната насока.

Возачот кој престигнува е должен своето возило да го држи на потребната оддалеченост од возилото што го престигнува, така што да не го попречува ниту загрозува во сообраќајот.

Член 63

Откако ќе изврши престигнување или обиколување на едно или повеќе возила возачот е должен, штом ќе биде можно да го изврши тоа без попречување или загрозување на другите учесници во сообраќајот, со возило повторно да ја заземе положба на сообраќајната лента по која се движел пред престигнувањето односно обиколувањето.

Член 64

На коловозот на кој сообраќајот се врши во две насоки, возачот не смее со возилото да престигнува друго возило пред врвот на преслапот на патот или во кривина кога прегледноста на патот е недоволна, освен ако на тие места постојат повеќе сообраќајни ленти обележани со надолжни ознаки на коловозот и наменети исклучително за движење на возилата во правецот на движењето на неговото возило.

Член 65

Возачот не смее да престигнува друго возило, освен велосипед, велосипед со мотор и мотоцикл без бочна приколка, непосредно пред раскрсница или на раскрсница која не е со кружен тек на сообраќајот, или непосредно пред премин на патот преку железничка или трамвајска пруга во ниво без браник или полубраник.

Непосредно пред раскрсница и на раскрсница возачот смее да престигнува: возило што свртува налево, а се престигнува од десната страна (член 59 став 2); возило што свртува надесно, со тоа што притоа со своето возило да не преминува на делот од коловозот наменет за сообраќај на возилата од спротивната насока; возило што се движи по пат со првенство на минување, како и во случај кога сообраќајот на раскрсницата е регулиран со светлосни сообраќајни знаци или со знаци што ги дава овластено лице.

Непосредно пред и на преминот на патот преку железничка или трамвајска пруга во ниво без браник или полубраник возачот смее да престигнува друго возило кога сообраќајот на таквиот премин е регулиран со уреди за давање светлосни сообраќајни знаци на раскрсницата.

Член 66

Возачот не смее да престигнува друго возило кое се приближува кон обележан пешачки премин, или кое преминува пешачки премин, или кое застанало заради пропуштање на пешаци на тој премин.

Член 67

На пат на кој постојат најмалку две сообраќајни ленти наменети за сообраќај на возила во иста насока и на кој има колони возила, возачот на возилото што не се наоѓа на крајната десна сообраќајна лента може да ја напушти лентата на која се наоѓа само заради свртување налево или надесно или заради паркирање на возилото.

На патиштата и под условот од став 1 на овој член, побрзото движење на возилата на едната лента од движењето на другата лента не се смета како престигнување.

Не се смета како престигнување ни преминувањето од десната страна на возилото кое според одредбата на член 41 став 3 од овој закон за своето движење не ја користи сообраќајната лента покрај десниот раб на коловозот.

**10. Звучни и светлосни знаци за предупредување**

Член 68

Возачот е должен да употреби звучен знак за предупредување кога тоа го бараат причините на безбедноста на сообраќајот, а особено:

1) на пат надвор од населба заради предупредување на друг учесник во сообраќајот дека сака да го престигне или обиколи, ако би постоела опасност кога тој знак не би бил даден, да дојде до сообраќајна незгода;

2) ако покрај коловозот се наоѓаат деца кои не обрнуваат внимание на движењето на возилото;

3) на пат надвор од населба, пред влегување во непрегледна и тесна кривина или пред доаѓање на преслап, на кои е тешко разминувањето.

Возачот е должен давањето звучен знак за предупредување да го сведе на неопходна мера.

Член 69

Од првиот самрак па до потполното самнување (ноќе) возачот, по правило, наместо звучен знак за предупредување употребува светлосен знак за предупредување. Тој знак возачот може да го употреби и во населба при престигнување на друго возило.

Светлосниот знак за предупредување може да се употреби и дење ако таквиот начин на предупредување на другите учесници во сообраќајот повеќе им одговора на условите на патот.

Светлосен знак за предупредување се дава со кратко едноподруго палење на големите светла, или со едноподруго палење на соборените светла за осветлување на патот, или со наизменично палење, во кратки интервали, на големите и соборените светла, водејќи сметка со тоа да не се заслепуваат возачите кои доаѓаат од спротивната насока.

## 11. Запирање и паркирање

Член 70

Возачот не смее да го запре или паркира возилото на место на кое тоа би ја загрозувало безбедноста на другите учесници во сообраќајот или би претставувало пречка за нормално одвивање на сообраќајот или за движење на пешаците.

Член 71

На јавен пат надвор од населба возачот е должен секогаш, кога за тоа постои можност, запреното или паркираното возило да го постави надвор од коловозот.

Возачот кој поради неисправност на возилото, сообраќајна незгода или друга оправдана причина е принуден возилото да го запре на коловозот е должен да ги преземе сите мерки запреното возило да не ги доведе во опасност другите возила и возилото што побргу да го отстрани од коловозот.

Ако возачот поради дефект на возилото, сообраќајна незгода или од друга оправдана причина е принуден возилото да го запре на шини, должен е да го отстрани од шините веднаш, а ако тоа е невозможно — веднаш да ги преземе потребните мерки лицата кои управуваат со возила што се движат по шини навреме да бидат предупредени за опасноста.

Член 72

Возачот кој го запира или паркира возилото на јавен пат е должен да го запре односно паркира непосредно покрај десниот раб на коловозот, а на јавен пат на кој сообраќајот се одвива во едната насока — може да го запре односно паркира покрај десниот или левиот раб на коловозот.

Ако покрај десниот раб на коловозот се наоѓаат трамвајски или други шини возачот може да го запре или паркира возилото покрај левиот раб на коловозот.

Возачот може да го запре или паркира возилото на места што се наоѓаат на средината на коловозот само ако тие места се обележани со соодветен сообраќаен знак или со ознака на коловозот.

Член 73

На запрено или паркирано возило не смеат да се отвараат вратите ако со тоа се попречува движењето на другите учесници во сообраќајот или се загрозува безбедноста на сообраќајот.

Член 74

Возачот не смее да го запре или паркира возилото особено:

1) на обележан пешачки премин и на оддалеченост помала од 5 м од тој премин, како и на премин на велосипедска патека преку коловозот;

2) на премин на патот преку железничка или трамвајска пруга во ниво;

3) на железнички или трамвајски пруги и во близината на тие пруги, ако со тоа се спречува сообраќајот на возилата што се движат по шини;

4) на раскрсница и на оддалеченост помала од 5 м од најблискиот раб на напречниот коловоз;

5) во тунели, на мостови, во подвозници и на надвозници, како и на делови на патот под мостови и надвозници;

6) на дел од патот во близината на врв од преслап и во кривина, каде што прегледноста на патот е недоволна и каде што обиколување на возилото не би можело да се изврши без опасност;

7) на дел од јавен пат каде што широчината на слободниот премин од запреното или паркираното возило до полната надолжна линија на коловозот, или до спротивниот раб на коловозот, или до некоја пречка на патот, би била помала од 3 м,

8) на место на кое возилото би го засолнувало поставениот сообраќаен знак или уредот за давање светлосни сообраќајни знаци.

Член 75

Покрај случаите од член 74 на овој закон, возачот не смее да го паркира возилото особено ниту:

1) на дел од патот пред премин на патот преку железничка или трамвајска пруга во ниво, и тоа на оддалеченост помала од 15 м од тие премини;

2) на оддалеченост помала од 15 м пред и зад знакот со кој е обележано стојалиштето на возилата за јавен сообраќај, како и на дел од коловозот кој што е обележан со ознаки на коловозот како стојалиштате за тие возила;

3) пред колски влез во зграда, двор или гаража, како и над приклучок на водоводната мрежа и над влез во канализацијата;

4) на место каде што паркираното возило би му го оневозможило пристапот на друго возило заради паркирање или излегувањето на некое веќе паркирано возило.

Член 76

Возачот е должен моторното возило, тракторот или приклучното возило, освен мотоциклот без бочна приколка, што е запрено на коловозот, да го обележи со посебен знак со кој се означува запрено возило на коловозот, и тоа:

1) кога бил принуден своето возило да го запре на местото или на делот на патот од член 74 на овој закон;

2) кога возилото е запрено на коловозот на такво место што возачите на возилата кои наидуваат по истата насока не можат или тешко можат навремено да го забележат запреното возило.

Знакот од став 1 на овој член се поставува на коловозот зад запреното возило, во вертикална положба и на доволна оддалеченост која на патот надвор од населбата неможе да биде помала од 50 м, така што возачите на моторните возила што наидуваат од насоката на која е поставен знакот да можат навремено да ги запрат своите возила, односно безбедно да го обиколат запреното возило. На ист начин се поставува тој знак и кога на патот е запрена колона моторни возила, со тоа што во тој случај на коловозот наместо еден знак се поставуваат два знака на коловозот, и тоа еден покрај друг.

Член 77

Пред да го напушти возилото возачот што го остава возилото на патот е должен да ги преземе сите мерки со кои се спречува возилото самото да тргне од местото на кое е оставено.

### 12. Пресечување на колона пешаци

Член 78

Возачот не смее со возилото да пресечува колона деца, војници, погребна поворка и секоја друга организирана поворка на граѓани што се движи по коловозот.

### 13. Влечење на возилото

Член 79

Во сообраќајот на јавен пат, на возило на моторен погон можат да му бидат придодадени најмногу две приклучни возила за превоз на товар, односно едно приклучно возило за превоз на лица, а на автопат и на пат резервиран за сообраќај на моторни возила — само едно приклучно возило.

Со возило на моторен погон смее да се влече само приклучно возило кое суштествено не ја намалува неговата стабилност.

Член 80

Со возило на моторен погон смее да се влече друго возило на моторен погон само ако тоа, поради неисправност или недостиг на одделни делови, не може самото да се движи.

Со возило на моторен погон не смее да се влече мотоцикл без бочна приколка или друго возило на две тркала.

Член 81

Возило на моторен погон смее да се влече ноќе, како и дење во случај на намалена видливост, само ако на својата задна страна има запалени црвени светла за означување на возилото или ако го влече моторно возило кое има, и при влечењето го користи, жолто ротационо светло.

Член 82

За време на влечењето на возилото од член 80 став 1 на овој закон обете возила мораат да бидат означени со знак со кој се означува запрено возило на коловозот (сигурносен триаголник). На моторното возило кое влече друго возило триаголникот се поставува на предната, а на влеченото возило — на задната страна.

### 14. Употреба на светла во сообраќајот

Член 83

Од првиот самрак па до потполното самнување (ноќе), како и дење во случај на намалена видливост, на возилото во сообраќај на патот мораат да му бидат запалени светлата, и тоа:

1) на возило на моторен погон — освен на велосипед со мотор и на мотоцикл без бочна приколка — најмалку две бели светла на предната страна на возилото и парен број црвени светла на задната страна на возилото;

2) на велосипед со мотор и на мотоцикл без бочна приколка — најмалку едно бело светло на предната страна на возилото и најмалку едно црвено светло на задната страна на возилото;

3) на велосипед — едно бело светло на предната страна и едно црвено светло на задната страна;

4) на запрежно возило — најмалку едно бело светло на предната страна и најмалку едно црвено светло на задната страна на возилото, или само една светилка што е изработена така што од предната страна на возилото да се гледа бело светло, а од задната страна на возилото — црвено светло.

Ако на запрежно возило едно светло се наоѓа на предната страна а друго на задната страна, тие светла мораат да бидат поставени на надолжната оска на возилото или на неговата лева страна, а ако на запрежното возило се наоѓа само една светилка — таа мора да биде поставена на левата страна на возилото.

Во условите од став 1 на овој член, запрежното возило мора да има и два катадиоптери со црвена боја симетрично поставени на задната страна на возилото, а велосипедот — еден катадиоптер со црвена боја на задната страна и по еден катадиоптер со жолта или портокалова боја на секоја страна на педалата.

Кога возилото на моторен погон влече едно или две приклучни возила, најмалку две црвени светла мораат да бидат запалени на задната страна на последното приклучно возило, а ако широчината на приклучното возило изнесува повеќе од 1,60 м — на предната страна на првото приклучно возило мораат да бидат запалени две бели светла.

На мотоциклот, за време на возење на патот надвор од населено место, мораат да бидат запалени соборените светла.

Член 84

По исклучок од одредбите на член 83 од овој закон, не мора да има запалени светла:

1) возило што е запрено или паркирано на осветлен дел од патот, така што јасно се гледа од доволна оддалеченост;

2) возило што е запрено или паркирано на затоа посебно определени места на коловозот или надвор од него, или на улици со послаб сообраќај;

3) велосипед, велосипед со мотор и мотоцикл без бочна приколка кој нема акумулатор — кога се запрени или паркирани во населба покрај самиот раб на коловозот.

Возило на моторен погон чија должина не надминува 8 м а широчина 2 м, и на кое не му е придодадено приклучно возило, може да има, кога е запрено или паркирано на улица во населба, наместо светлата од член 83 став 1 точка 1 од овој закон, запалено само едно светло кое од предната страна

се гледа како бело светло и од задната страна како црвено светло и кое е поставено на страната спротивна од работ на коловозот покрај која возилото е запрено или паркирано.

Член 85

Од првиот самрак до потполното самнување (ноќе), како и дење во случај на намалена видливост, мораат да носат запалени светла кога се движат по коловозот надвор од населба:

1) група пешаци што се движи во организирана колона или поворка — најмалку едно бело или жолто светло на чело на колоната односно на поворката и најмалку едно црвено светло на нејзиниот крај;

2) водачи на запрежни, товарни и јавачки животни и терачи на добиток — најмалку едно бело или жолто светло напред и најмалку едно црвено светло назад.

Наместо светлата од став 1 на овој член можат да се употребуваат рефлектирачки материи.

Член 86

За осветлување на патот возачот на возило на моторен погон, по правило, ги употребува големите светла.

Возачот на возило на моторен погон е должен наместо големите светла за осветлување на патот да ги употребува соборените светла:

1) пред разминувањето со друго возило на оддалеченост од која ќе оцени дека со светлото на своето возило го заслепува возачот на возилото што му доаѓа во пресрет, а при разминувањето со друго возило — кога возачот на она возило ќе премине на соборени светла или кога со наизменично палење и гасење на светлата го предупредува дека големите светла му пречат, а секогаш на оддалеченост помала од 200 м;

2) за времето додека на кратко растојание се движи зад друго возило во таква положба што со големите светла на своето возило го заслепува возачот на возилото пред себе;

3) за времето додека со возилото минува покрај организирана колона или поворка на пешаци;

4) кога се движи по пат што се протега непосредно покрај пловен пат или покрај железничка или трамвајска пруга — при средбата со пловило односно со возило што се движи по шини, а кое наидува од спротивната насока.

Ноќе, како и дење во случај на намалена видливост, возачот на возило на моторен погон за време на возењето мора да ги има на возилото запалени најмалку соборените светла за осветлување на пат.

Член 87

Светлата за означување на возило на моторен погон се употребуваат во условите од член 83 став 1 на овој закон само кога возилото е запрено или паркирано на пат.

Светлата за означување на возило на моторен погон мораат да бидат запалени за времето додека се запалени кои и да било светла за осветлување на патот или посебните светла за магла.

Член 88

По магла возачот на возило на моторен погон мора да ги има запалени соборените светла за осветлување на патот, или светлата за магла, или обете светла истовремено.

Светлата за магла можат да се употребуваат само по магла или во случај на намалена видливост.

Светлата за магла што се наоѓаат на предната страна на возилото можат да бидат со бела или жолта боја, а на задната страна — со црвена боја.

**15. Растојание помеѓу возилата**

Член 89

Возачот е должен да го држи потребното растојание кога се движи зад друго возило, така што да не ја загрозува безбедноста на сообраќајот.

Член 90

Кога на јавен пат надвор од населба, кој има само по една сообраќајна лента наменета за сообраќај на возила во една насока, се движат едно зад друго возила на моторен погон чија најголема дозволена тежина надминува 3 500 кг, или чија должина е поголема од 7 м, возачите се должни помеѓу секое од тие возила да држат растојание од најмалку 100 м.

Одредбата на став 1 од овој член не се однесува на делот од пат на кој престигнувањето е забрането.

**16. Сообраќај на трамваи и на други возила на шини**

Член 91

Одредбите на чл. 27 до 89 на овој закон сообразно се применуваат и врз сообраќајот на трамваи и на други возила што на патот се движат по шини, освен ако тоа не го исклучуваат конструкционите особини на тие возила или начинот на нивното движење.

**17. Сообраќај на велосипеди, на велосипеди со мотор и на мотоцикли**

Член 92

Возачот на велосипед и возачот на велосипед со мотор е должен да се движи што поблиску до десниот раб на коловозот, а ако постои велосипедска патека — по велосипедската патека.

Ако двајца или повеќе возачи на велосипеди или на велосипеди со мотор се движат во група, должни се да се движат еден по друг.

Член 93

Возачот на велосипед, на велосипед со мотор и на мотоцикл мора да управува со возилото на начин на кој не се намалува стабилноста на возилото и не се попречуваат другите учесници во сообраќајот а особено не смее да ги симнува рацете од управувачот, да се придржува за друго возило, да превезува, влече или турка предмети што можат да го попречуваат во управувањето со возилото или да ги загрозуваат другите учесници во сообраќајот.

Член 94

Возачот на велосипед, на велосипед со мотор и на мотоцикл може да превезува други лица само ако на возилото постојат посебни седишта, а возачот на мотоцикл — и во бочната приколка.

Член 95

Возачот на мотоцикл и лицето кое се превезува на мотоциклот мораат да носат заштитен шлем за време на возењето на патот.

**18. Сообраќај на запрежни возила и движење на добиток**

Член 96

Возачот на запрежно возило мора да управува со возилото за сето време додека возилото се движи по патот и е должен да го држи возилото што поблиску до десниот раб на коловозот.

Запрежно возило не смее да се остава на патот без надзор.

Член 97

Добитокот не смее да се остава на патот без надзор на терач на добиток.

Добитокот што се движи по јавен пат терачот на добитокот мора да го држи што е можно поблиску до десниот раб на патот.

**19. Движење на пешаците**

Член 98

Пешакот, по правило, не смее да се движи и да се задржува на коловозот.

Ако пешакот се движи по коловозот, тој мора да се движи што поблиску до работ на коловозот, и тоа мошне внимателно и на начин на кој не го попречува сообраќајот на возилата.

Член 99

На пат што има тротоар или друга површина определена за движење на пешаци, односно површина покрај коловозот погодна за движење на пешаци, пешакот е должен да се движи по тие површини.

На пат на кој не постои тротоар или друга површина определена односно погодна за движење на пешаци. или на пат на кој постои тротоар или друга површина определена односно погодна за движење на пешаци, а кои пешаците не можат да ги користат од која и да било причина, пешаците можат да се движат по коловозот.

Член 100

Кога пешаците се движат по коловозот на кој безбедноста на сообраќајот тоа го бара, а особено во случај на слаба прегледност на патот, намалена видливост или силен сообраќај на возила, должни се да се движат еден зад друг.

Член 101

Пешакот кој се движи по коловозот на јавен пат надвор од населба е должен да се движи до левиот раб на коловозот во правецот на движењето.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, пешакот може да се движи до десниот раб на коловозот само кога таквото движење за него е посигурно (непрегледна кривина, бездна, усек, засек, одрон и сл.).

Пешакот кој турка велосипед, велосипед со мотор или мотоцикл, лицата што се движат со помош на подвижни столови за немоќни лица и организирана колона на пешаци, мораат да се движат до десниот раб на коловозот во правецот на движењето.

Член 102

Пешакот е должен преку коловозот да преминува внимателно и по најкраткиот пат, откако пред стапувањето на коловозот ќе се увери дека тоа може да го стори на безбеден начин.

На пат што има обележани пешачки премини или посебно изградени минувалишта за пешаци, пешакот е должен при преминувањето на патот да се движи по тие премини односно минувалишта ако тие од него не се оддалечени повеќе од 100 м.

Член 103

На обележан пешачки премин на кој сообраќајот на пешаците е регулиран со светлосни сообраќајни знаци за пешаци, пешакот е должен да постапува според тие знаци.

На обележан пешачки премин на кој сообраќајот на пешаците не е регулиран со посебни светлосни сообраќајни знаци за пешаци, но сообраќајот на возилата е регулиран со светлосни сообраќајни знаци за возила или со знаци што ги дава овластено лице, пешаците можат да преминуваат преку коловозот само додека со дадениот знак е дозволено преминување преку коловозот.

На обележан пешачки премин на кој сообраќајот не е регулиран со светлосни сообраќајни знаци, ниту со знаци што ги дава овластено лице, пешакот е должен пред стапувањето на пешачкиот премин да обрне внимание на оддалеченоста и на брзината на возилата што му се доближуваат.

Член 104

Пешакот што е со намера да премине преку коловозот на место каде што не постои обележан пешачки премин не смее да стапи на коловозот ако со тоа го попречува сообраќајот на возилата.

**20. Обврски на возачите спрема пешаците**

Член 105

Ако сообраќајот на обележаниот пешачки премин е регулиран со светлосни сообраќајни знаци или со знаци на овластено лице, возачот е должен своето возило да го запре пред пешачкиот премин кога со дадениот знак му е забрането минување, а ако на таквиот премин со дадениот знак му е дозволено минување — возачот не смее да го попречува минувањето на пешаците кои веќе стапиле на пешачкиот премин.

Ако обележаниот пешачки премин од став 1 на овој член се наоѓа на влезот во бочен пат возачот кој свртува на тој пат е должен свртувањето да го врши со намалена брзина и да ги пропушти пешаците што веќе стапиле или што стапуваат на пешачкиот премин а, по потреба, и да го запре своето возило.

Ако на обележаниот пешачки премин сообраќајот не е регулиран со уреди за давање светлосни сообраќајни знаци, ниту со знаци на овластено лице, возачот е должен кон таквиот пешачки премин да се доближува со доволно умерена брзина така што да не ги загрозува пешаците што веќе стапиле или што стапуваат на пешачкиот премин а, по потреба, и да го запре своето возило за да ги пропушти пешаците.

Член 106

Возачот кој свртува на бочен пат на чиј влез не постои обележан пешачки премин е должен свртувањето да го изврши со намалена брзина и не смее да ги загрози пешаците што веќе стапиле на коловозот.

**21. Сообраќај на премин на патот преку железничка пруга**

Член 107

Возачот кој со возилото се доближува кон премин на патот преку железничка пруга во ниво е должен движењето на возилото да го регулира така што да може да го запре возилото пред уредот за затворање на сообраќајот на преминот или пред уредот за давање знаци со кои се најавува доближување на воз, односно да може да го запре возилото пред да стапи на железничката пруга.

Член 108

Учесниците во сообраќајот се должни да се запрат пред премин на патот преку железничка пруга во ниво ако уредот за затворање на сообраќајот е спуштен, или ако тој уред веќе започнал да се спушта, или ако се даваат светлосни или звучни знаци што предупредуваат дека тој уред ќе започне да се спушта, односно дека кон преминот на патот преку железничка пруга се доближува воз.

Член 109

Пред премин на патот преку железничка пруга во ниво на кој се поставени светлосни сообраќајни знаци, учесниците во сообраќајот се должни да се запрат кога ќе се појави црвено трепкаво светло или црвено непрекинато светло.

Учесниците во сообраќајот што минуваат преку железничка пруга во ниво се должни тоа да го прават со потребната претпазливост и кога светлата на преминот не се запалени.

На премин на патот преку железничка пруга во ниво на кој нема уред за затворање на сообраќајот ниту уред за давање знаци со кои се најавува приближување на воз, учесниците во сообраќајот можат да преминат преку железничката пруга дури откако претходно ќе се уверат дека по пругата не наидува воз или некое друго возило што се движи по шини.

**22. Сообраќај на автопат и на пат резервиран за сообраќај на моторни возила**

Член 110

По автопат не смеат да се движат пешаци и добиток, ниту возила кои, според одредбите на овој закон, не се сметаат за моторни возила.

На автопатот не смеат да се движат ниту моторни возила кои според своите конструкциони својства не можат да се движат со брзина од најмалку 40 км на час.

Одредбата на став 2 од овој член не се однесува на возилата на вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Член 111

На автопатот возачот не смее да го запира моторното возило, освен на површините надвор од коловозот што се за тоа посебно уредени и обележани.

Возачот кој поради неисправност на возилото или од други причини е принуден да го запре возилото на коловозот од автопатот, должен е да го запре на посебната лента за присилно запирање на возила ако таа на тоа место постои и да ги преземе потребните мерки возилото што побргу да го отстрани од коловозот.

На автопатот возачот не смее да врши полукружно свртување со возилото од една насока на сообраќајот во спротивната, ниту движење со возилото наназад.

Член 112

На автопатот не смее да се влечи моторно возило што влече друго моторно возило кое поради неисправност или недостиг на одделни делови не може да се движи.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, влечење на возилото од тој став е дозволено по автопат ако причината за влечење настанала за време на движењето на моторното возило по автопатот, но само по крајната десна сообраќајна лента до првиот приклучен пат по кој влечените возило може да се исклучи од сообраќајот на автопатот.

Член 113

На автопатот моторните возила мораат да се движат по крајната десна сообраќајна лента која не е затрупана со возила во колона.

Одредбата на член 41 став 3 од овој закон не се применува врз возилата што се движат на делот од автопатот што поминува низ населба.

Член 114

На автопатот со три или повеќе сообраќајни ленти наменети за сообраќај на возила во една насока возачите на товарни моторни возила чија најголема дозволена тежина надминува 3.500 кг и на групи возила чија должина надминува 7 м смеат да ги користат само двете сообраќајни ленти што се наоѓаат покрај десниот раб на коловозот.

Член 115

Возачот кој со моторно возило се вклучува во сообраќајот на автопатот е должен:

1) да ја користи посебната лента за забрзување, кога таква лента постои во продолжение на приклучниот пат, и да се вклучи во сообраќајот на автопатот давајќи соодветен знак на начин со кој не го загрозува сообраќајот на возилата што се движат по автопатот;

2) да ги пропушти возилата што се движат по автопатот, ако на местото каде што се вклучува во сообраќајот на автопатот не постои посебна лента за забрзување.

Возачот кој со возилото се исклучува од сообраќајот на автопат е должен со своето возило навремено да заземе положба на крајната десна сообраќајна лента и што побргу да ја мине посебната лента за забавување, ако таква лента постои на влезот во приклучниот пат.

Член 116

Одредбите на чл. 110 до 115 од овој закон се применуваат и врз сообраќајот на пат што е резервиран за сообраќај на моторни возила.

**23. Сообраќај во тунел**

Член 117

Возачот кој се движи со возило низ тунел не смее да го запира возилото во тунелот, ниту смее да врши со возилото полукружно свртување или движење наназад.

Член 118

Возачот на возило на моторен погон е должен за време на движењето низ тунел да ги држи запалени соборените светла за осветлување на патот.

### 24. Возила под придружба

Член 119

Како возила под придружба, во смисла на овој закон, се сметаат возилата на кои им е доделена придружба од припадници на милицијата или од возни лица на посебни моторни возила снабдени со уреди за давање посебни светлосни и звучни знаци, и тоа за време додека се даваат тие знаци.

Возачот кој на пат ќе сретне возило или колона возила под придружба и возачот што ќе биде пристигнат од возило или од колона возила под придружба се должни да го запрат своето возило, ноќе наместо големи светла да употребат соборени светла за осветлување на патот, строго да се придржуваат кон наредбите што им ги даваат лицата од придружбата и да го продолжат движењето дури откако ќе поминат сите возила под придружба.

Возилата под придружба имаат право на првенство на минување во однос на сите други возила (член 50), освен во однос на возилата што се движат низ раскрсница на која сообраќајот е регулиран со светлосни сообраќајни знаци или со знаци на овластено лице, и врз нив не се применуваат одредбите од овој закон за ограничување на брзината (чл. 46 и 48), за забрана на престигнување и обиколување на колона (член 62 став 1 точка 1) и за забрана на пресечување на колона пешаци (член 78), под услов со тоа да не ја загрозуваат безбедноста на другите учесници во сообраќајот.

Заради овозможување непречено минување на возилата од став 1 на овој член, пешаците се должни да се истават од коловозот додека тие возила поминат.

### 25. Возила со право на првенство на минување

Член 120

Врз возилата на службата за брза помош, на противпожарната служба, на органите за внатрешни работи и вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, кога со посебни уреди даваат светлосни и звучни знаци, не се применуваат одредбите од овој закон за ограничување на брзината (чл. 46 и 48), за забрана на престигнување и обиколување на колона возила (член 62 став 1 точка 1) и за забрана на пресечување на колона пешаци (член 78). Тие возила имаат право на првенство на минување во однос на сите други возила (член 50), освен во однос на возилата под придружба (член 119) и возилата што се движат низ раскрсница на која сообраќајот е регулиран со светлосни сообраќајни знаци или со знаци на овластено лице, под услов да не ја загрозуваат безбедноста на другите учесници во сообраќајот.

За да им се овозможи минување на возилата од став 1 на овој член, пешаците се должни да се истават од коловозот, а другите возила да ги пропуштат а, по потреба, и да се запрат додека не поминат тие возила.

Кога возилата на органите за внатрешни работи и на вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, со употреба на две сини светла му обезбедува минување на едно возило или на колона на возила што се движат зад него, возачите се должни да обрнат внимание и на возилата на кои им се обезбедува минување, да ги пропуштат а, по потреба, и да ги запрат своите возила додека не поминат тие возила.

Во поглед на меѓусебното право на првенство на минување на возилата од став 1 на овој член важат одредбите на овој закон за првенството на минување.

### 26. Товар на возилото

Член 121

Возилото во сообраќај на патот не смее да се оптовари над својата носивост или над дозволеното осно оптоварување или над најголемата дозволена тежина, која ја дозволуваат особините на патот и силата на моторот.

Товарот на возилото мора да биде така распореден и, по потреба, прицврстен што:

1) да не ја загрозува безбедноста на учесниците во сообраќајот и да не им нанесува штета на патот и на објектите на патот;

2) да не ја намалува во поголема мерка стабилноста на возилото и да не го отежнува управувањето со возилото;

3) да не му је намалува на возачот прегледноста над патот;

4) да не создава ~~одвишна~~ премногу бучава и да не се растура по патот;

5) да не ги засолнува светлосните и светлосно-сигналните уреди на возилото, регистарските таблички и другите пропишани ознаки на возилото.

Член 122

Товарот на возилото не смее да ја помине најоддалечената точка на предната страна на возилото за повеќе од 1 м.

Ако товарот на возилото ја поминува за повеќе од 1 м најоддалечената точка на задната страна на возилото, најиздадената точка на товарот мора да биде означена со црвена ткаенина.

Најиздадената точка на товарот кој се превезува на товарно моторно или приклучно возило во случајот од став 2 на овој член мора да биде означена со табла. Оваа табла е со квадратна форма со димензии 50 × 50 см, обоена наизменично со коси ленти со рефлектирачка портокалова и бела боја и поставена вертикално на надолжната оска на возилото.

Член 123

Ноќе, како и дење во случај на намалена видливост, најиздадената точка на товарот кој се превезува со возилото мора да биде означена:

1) во случајот од член 122 став 2 од овој закон — со светло и со рефлектирачка материја со црвена боја;

2) кога товарот на возилото на моторен погон бочно го поминува за повеќе од 40 см надворешниот раб на предното и задното светло за означување на возилото — со светло и со катадиоптер кои од предната страна на возилото даваат бело светло, а од задната страна на возилото — црвено светло.

## IV. СООБРАЌАЈНИ ЗНАЦИ

### 1. Општи одредби

Член 124

Јавните патишта мораат да се обележат со пропишаните сообраќајни знаци со кои учесниците во сообраќајот се предупредуваат за опасноста што им се заканува на определен јавен пат или на дел од тој пат, им се ставаат до знаење ограничувањата, забраните и обврските кон кои учесниците во сообраќајот мораат да се придржуваат и им се даваат потребните известувања за сигурно и непречено одвивање на сообраќајот.

Со сообраќајни знаци мораат да се обележат и опасностите од привремен карактер, особено оние што ќе настанат поради ненадејно оштетување или онеспособување на патот, како и привремените ограничувања и привремените забрани во сообраќајот, и тие знаци мораат да се отстранат штом ќе престанат причините поради кои биле поставени.

Сообраќајни знаци се: знаци за опасност, знаци за изречни наредби и знаци за известување, со дополнителна табла или без неа, која е составен дел на сообраќајниот знак и која поблиску го определува значењето на сообраќајниот знак, потоа светлосни сообраќајни знаци, ознаки на коловозот, на тротоарот и сл. и светлосни и други ознаки на патот.

Учесниците во сообраќајот се должни да се придржуваат кон ограничувањата, забраните и обврските изразени со помош на поставените сообраќајни знаци.

Член 125

Сообраќајните знаци се поставуваат и се одржуваат така што да можат учесниците во сообраќајот навреме и лесно да ги уочат и дење и ноќе и навремено да постапат во согласност со нивното значење.

Сообраќајните знаци мораат да се отстранат дополнат или заменат, ако нивното значење не одговара на изменетите услови на сообраќајот на патот или на барањата на безбедноста.

Член 126

На сообраќајниот знак и на столбот на кој е поставен знакот забрането е да се става што и да било што не е во врска со значењето на самиот сообраќаен знак.

Член 127

На јавен пат не смеат да се поставуваат табли, знаци, светла, столбови или други слични предмети со кои се засолнува или се намалува видливоста на поставените сообраќајни знаци, или кои со својата форма, боја, изглед или место на поставување подражаваат или личат на некој сообраќаен знак, или ги заслепуваат учесниците во сообраќајот, или го одвраќаат нивното внимание во мера која може да биде опасна за безбедноста на сообраќајот.

**2. Знаци за опасност, знаци за изречни наредби и знаци за известување**

Член 128

Знаците за опасност служат да се предупредат учесниците во сообраќајот на пат за опасноста што им се заканува на определено место односно на определен дел од патот и да се известат за природата на таа опасност.

Знаците за изречни наредби им ги ставаат до знаење на учесниците во сообраќајот на пат забраните, ограничувањата и обврските кон кои тие мораат да се придржуваат.

Знаците за известување им ги даваат на учесниците во сообраќајот потребните известувања за патот по кој се движат и другите известувања што можат да им бидат корисни.

Член 129

Знаците за опасност и знаците за изречни наредби на автопатот, на патот резервиран за сообраќај на моторни возила, на магистралниот пат и на регионалниот пат мораат да бидат премачкани со рефлектирачки материи или осветлени со сопствен извор на светлост.

Знаците за опасност и знаците за изречни наредби кои се поставуваат или заменуваат на локалните патишта мораат да ги исполнуваат условите од став 1 на овој член.

**3. Светлосни сообраќајни знаци и светлосни ознаки**

Член 130

За регулирање на сообраќајот се употребуваат уреди со кои се даваат светлосни сообраќајни знаци со тробојни светла со црвена, жолта и зелена боја.

На уредите за давање светлосни сообраќајни знаци со тробојни светла, светлата се поставуваат по вертикалната оска, едно под друго, и тоа: црвеното горе, жолтото во средина, а зеленото долу. Ако уред за давање светлосни сообраќајни знаци е поставен и над сообраќајната лента, светлата можат да бидат поставени по хоризонталната оска, едно покрај друго, и тоа: црвеното лево, жолтото во средина, а зеленото десно. Тие светла имаат форма на круг, а зеленото светло може да има и форма на една или повеќе стрелки сместени во круг со црна боја.

Член 131

На уредите за давање светлосни сообраќајни знаци со тробојни светла:

1) црвеното и зеленото светло не можат да бидат запалени истовремено;

2) жолтото светло може да биде запалено како самостојно светло во временско растојание од престанокот на зеленото до појавата на црвеното светло, или истовремено со црвеното светло — пред појавата на зеленото светло.

Член 132

На уредот за давање светлосни сообраќајни знаци со тробојни светла може да му се додаде дополнителен светлосен знак во форма на зелена светлечка стрелка или повеќе такви знаци.

Дополнителните светлосни знаци од став 1 на овој член се сместуваат од соодветната страна на светлосниот сообраќаен знак, и тоа на височина на која се наоѓа зеленото светло.

Член 133

На уредите за давање светлосни сообраќајни знаци со кои, на коловозот со повеќе од две сообраќајни ленти обележани со надолжни линии, сообраќајот се регулира за секоја сообраќајна лента посебно и што се наоѓаат над сообраќајната лента — црвеното светло значи забрана на сообраќајот по сообраќајната лента над која е поставено, а зеленото светло — слободно минување по односната сообраќајна лента.

Црвеното светло од став 1 на овој член има форма на вкрстени линии, а зеленото светло — форма на стрелка со врвот свртен надолу.

Член 134

За регулирање на сообраќајот на пешаците можат да се употребуваат и посебни уреди за давање светлосни сообраќајни знаци со двобојни светла со црвена и зелена боја. Тие светла мораат да бидат поставени по вертикалната оска, едно под друго, и тоа: црвеното светло горе, а зеленото светло долу.

Светлата од став 1 на овој член се состојат од светлечка површина со црвена или зелена боја на која се наоѓа темна силуета на пешак или од темна површина на која се наоѓа светлечка силуета на пешак со црвена или зелена боја. Тие светла не смеат да бидат запалени истовремено.

Член 135

Ако рабовите на коловозот на јавен пат се обележуваат со светлосни сообраќајни ознаки, тие се обележуваат со светла, со рефлексни стакла или со рефлектирачки материи, и тоа десната страна на коловозот — со ознаки со црвена боја, а левата страна — со ознаки со бела боја.

Рабовите на коловозот на делот од патот низ тунел мораат да бидат обележани со ознаките од став 1 на овој член.

Ако врвовите на пешачките острови, на островите за насочување на сообраќајот и другите објекти на коловозот не се доволно осветлени ноќе, мораат да се обележат со светла, со рефлексни стакла или со рефлектирачки материи со жолта боја.

**4 Ознаки на коловозот**

Член 136

Ознаките на коловозот служат за регулирање на сообраќајот на патиштата и за известување и водење на учесниците во сообраќајот.

Ознаките на коловозот можат да се поставуваат сами или со други сообраќајни знаци, ако е потребно значењето на овие знаци посилно да се истакне односно потполно да се определи или објасни.

Ознаките на коловозот ги претставуваат линии, стрелки, натписи и други ознаки.

Ознаките на коловозот можат да имаат и рефлектирачки својства.

Член 137

Ознаките на коловозот се поставуваат на патиштата со современ коловоз.

На јавен пат надвор од населбата со современ коловоз за сообраќај во обете насоки на кој постојат само две сообраќајни ленти, тие ленти мораат да бидат одвоени со соодветна надолжна линија на коловозот.

**5. Обележување на премин на пат преку железничка пруга**

Член 138

На дел од патот пред премин на пат преку железничка пруга во ниво мораат да бидат поставени соодветни сообраќајни знаци.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, знаците од овој став не мораат да бидат поставени на местото на вкрстување на пешачки патеки со железничка пруга во ниво.

Член 139

На премините на пат преку железничка пруга во ниво, покрај сообраќајните знаци од член 138 на овој закон, се поставуваат и браници или полубраници односно уреди за давање знаци со кои се најавува доближување на воз, ако тоа го бара густината на сообраќајот или другите услови на патниот премин преку железничка пруга во ниво.

Условите во кои уредите од став 1 на овој член мораат да бидат поставени се утврдуваат со закон или со пропис донесен врз основа на закон.

Член 140

Светлосните знаци со кои се најавува доближување на воз на премин на пат преку железничка пруга во ниво се даваат со наизменично палење на две црвени трепкави светла кои имаат форма на круг.

Член 141

На премин на пат преку железничка пруга во ниво на кој постои уред за давање светлосни знаци со кои се најавува доближување на воз односно спуштање на браниците или полубраниците, кон тој уред може да се додаде и уред за давање звучни знаци.

На премините на земјен пат со слаб сообраќај и на пешачки патеки преку железничка пруга во ниво, обезбедување на учесниците во сообраќајот може да се врши и само со уред за давање звучни знаци.

Член 142

На премин на пат преку железничка пруга во ниво браниците или полубраниците мораат да бидат наизменично обоени со црвена и жолта боја.

Браниците и полубраниците, како и сообраќајните знаци поставени на дел од патот пред премин на пат преку железничка пруга во ниво, мораат да бидат снабдени со рефлексни стакла или премачкани со рефлектирачки материи со соодветна боја.

Браниците и полубраниците мораат да бидат опремени и со трепкаво црвено светло.

Член 143

На премин на пат преку железничка пруга во ниво на кој при наидувањето на воз браниците или полубраниците автоматски се спуштаат, како и на премин на пат преку железничка пруга во ниво на кој со браниците или полубраниците се ракува рачно, и тоа од местото од кое тие не се гледаат, мора да се постави уред за давање светлосни знаци или уред за давање звучни знаци, со кои учесниците во сообраќајот се известуваат за спуштањето на браниците или полубраниците.

**6. Обележување работи на патот**

Член 144

Делот од патот на кој се изведуваат работи мора да се обележи на видлив начин и на него да се обезбедат учесниците во сообраќајот.

Обележувањето на делот од патот на кој се изведуваат работи се врши со поставување на соодветни сообраќајни знаци, а обезбедувањето на учесниците во сообраќајот — со поставување браници.

Браниците мораат да бидат обоени наизменично со црвена и бела боја, снабдени со рефлексни стакла или премачкани со рефлектирачки материи со соодветна боја, а ноќе, како и дење во случај на намалена видливост, врз нив мораат да бидат поставени и светла со портокалова боја.

**7. Знаци што ги даваат овластени лица**

Член 145

Учесниците во сообраќајот мораат да постапуваат по барањата изразени со помош на знаци или по наредбите на милиционерите или на други лица

кои, врз основа на овластувања од законот, вршат контрола и регулирање на сообраќајот на патиштата (во натамошниот текст: овластено лице).

Овластените лица се должни при давањето на знаците да се поставaт на патот така што учесниците во сообраќајот, на кои знаците им се наменети, да можат лесно и од доволна оддалеченост да ги уочат.

Знаците од став 1 на овој член можат да се даваат и од возило.

Член 146

Знаците што на учесниците во сообраќајот им ги даваат овластените лица се знаци што се даваат со раце и со положба на телото, звучни знаци и светлосни знаци.

Знаците од став 1 на овој член мораат да се даваат така што нивното значење за учесниците во сообраќајот да биде јасно и недвосмислено.

## V. ДОЛЖНОСТИ ВО СЛУЧАЈ НА СООБРАЌАЈНА НЕЗГОДА

Член 147

Лицето што ќе се затекне или ќе наиде на место на сообраќајна незгода во која има повредени лица е должно да им укаже помош на лицата повредени во сообраќајната незгода.

Член 148

Учесникот во сообраќајната незгода во која некој изгубил живот или бил повреден или настанала поголема материјална штета е должен:

1) да остане на местото на сообраќајната незгода, со тоа што може привремено да се оддалечи само заради давање помош на лицата повредени во сообраќајната незгода, или ако на него самиот му е потребна лекарска помош;

2) да преземе се што е во негова сила да се отстранат новите опасности што можат да настанат на местото на сообраќајната незгода и да се овозможи нормално одвивање на сообраќајот и да настојува да не се менува состојбата на местото на незгодата и да се зачуваат постојните траги, под услов преземањето на тие мерки да не ја загрозува безбедноста на сообраќајот;

3) за сообраќајната незгода да го извести најблискиот надлежен орган и да се врати на местото на сообраќајната незгода и да го пречека доаѓањето на службеното лице кое врши увид.

Надлежниот орган кој е известен за сообраќајната незгода во која некое лице било повредено е должен за тоа веднаш да ја извести најблиската здравствена организација на здружен труд.

## VI. ВОЗАЧИ

### 1. Услови за управување со возила

Член 149

Со моторно возило во сообраќајот на патот може самостојно да управува само лице кое има важечка возачка дозвола, странска возачка дозвола или меѓународна возачка дозвола.

Член 150

Возачот кој управува со возило во сообраќајот на патот мора да биде телесно и душевно способен за управување со возилото и за тоа да има потребно знаење и вештина.

Член 151

Возачот кој во толкава мерка е уморен или болен, или е во таква психичка состојба што е неспособен за сигурно управување со возилото, како и возачот под дејство на дроги или на психоактивни лекови, не смее да управува со возило во сообраќајот на патот.

Член 152

Возачот не смее да управува со возило во сообраќајот на патот, ниту да започне да управува со возило ако е под дејство на алкохол.

Ќе се смета дека е под дејство на алкохол лицето за кое со анализа на крвта или на крвта и на урината, или со некој друг научен метод за мерење на количеството на алкохол во организмот, ќе се утврди дека содржината на алкохолот во крвта му изнесува повеќе од 0,5 промили или кај кого, без оглед на содржината на алкохолот во крвта, со стручен преглед ќе се утврди дека покажува знаци на алкохолна растроеност.

Не смее да зема алкохолни пијачки ниту да започне управување со возило ако во организмот има алкохол или ако покажува знаци на алкохолна растроеност:

1) возачот на моторно возило од категорија C или D — додека управува со возило од таа категорија;

2) возачот на возило со кое се врши јавен превоз — додека со тоа возило врши јавен превоз;

3) возачот на возило на кого управувањето со возило му е основно занимање — додека управува со возилото вршејќи ги работите од ова занимање.

### 2. Оспособување на возачи на моторни возила

Член 153

Возачки испит за возач на моторно возило може да полага само кандидат кој претходно се подготвил за полагање на возачки испит.

Член 154

Кандидатот за возач, кој се подготвува за полагање на возачки испит може, заради оспособување, и пред положениот возачки испит да управува на патот со моторно возило од онаа категорија за која го подготвува испитот, ако со возилото управува под надзор на инструктор.

Својството на инструктор се стекнува са положен испит за инструктор или со завршено соодветно училиште.

За време на управувањето со моторно возило, кандидатот за возач мора кај себе да има уверение дека е телесно и душевно способен за управување со моторно возило и е должен да го покаже по барање на овластеното лице.

Член 155

Моторното возило со кое на патот се врши оспособување на кандидат за возач во практично управување со возило мора да биде означено со посебни таблички.

Табличките од став 1 на овој член имаат форма на квадрат, по боја се сини и на нив со бела боја е испишана буквата „L".

Член 156

Програмата за оспособување на кандидатите за возачи на моторни возила ги опфаќа особено:

1) правилата за сообраќајот на патиштата, сообраќајните знаци и нивното значење, знаците што ги даваат овластените лица и опасностите кои настануваат поради непрописно преземање на дејствија во сообраќајот (погрешна проценка на брзината, непрописно престигнување, неотстапување на правото на првенство за минување и сл.);

2) изведување дејствија со моторното возило што се од значење за успешното и безбедното управување со возилото во согласност со правилата на сообраќајот и со условите на патот и во сообраќајот;

3) основите за функционирање на уредите на моторното возило што се од значење за безбедноста на сообраќајот на патот (уреди за сопирање, уреди за управување, уреди за давање светлосни знаци и за осветлување на патот и на возилото, како и пневматиците и сигурносните појаси);

4) влијание на недоволното знаење и вештина за управување со возилото, на алкохолот и на другите опојни средства, на заморот, лековите, болестите и другите неповолни психофизички состојби, на природните фактори (снег, магла и други климатски услови) и на состојбата на возилото и на патот врз безбедноста на сообраќајот;

5) содржините што придонесуваат за развивање на хумани односи, на односи на заемно почитување и разбирање меѓу сите учесници во сообраќајот, врз начелата на општествената самозаштита и солидарноста, како и постапувањето во случај на сообраќајна незгода (должности во случај на незгода, дејства со кои се спречува настапувањето на смрт поради повреди, начин на превоз на повредените лица).

На возачкиот испит се утврдува дали кандидатот за возач на моторно возило ја познава материјата предвидена со програмата од став 1 на овој член.

### 3. Стекнување право на управување со моторно возило

Член 157

Право на управување со моторно возило може да стекне лице кое ги исполнува следните услови:

1) да е душевно и телесно способно да управува со моторно возило;

2) да наполнило 18 години возраст;

3) да положило возачки испит за управување со моторно возило од определена категорија;

4) со одлука на надлежниот орган да не му е забрането управувањето со моторно возило.

По исклучок од одредбата на точка 2 став 1 од овој член, право на управување со автобуси и тролејбуси може да стекне лице кое наполнило 21 година возраст, а право на управување со мотоцикли со мотор чијашто зафатнина не надминува 125 $cm^3$ — лице кое наполнило 16 години возраст.

Право на управување со моторни возила од категорија D може да стекне возач кој има право да управува со моторно возило од категорија C:

1) ако управувал со моторни возила од категоријата C најмалку две години;

2) ако управувал со моторни возила од категориите B и C вкупно најмалку три години.

Сојузниот секретар за народна одбрана, во спогодба со функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи и со функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работите на сообраќајот и врските, може да пропише посебни услови за управување со определени категории моторни возила во вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Член 158

Возачката дозвола се издава за управување со моторни возила кои се распоредуваат во категориите: A, B, C, D и E.

Во категоријата A спаѓаат мотоциклите.

Во категоријата B спаѓаат моторните возила, освен возилата од категоријата A, чија најголема дозволена тежина не надминува 3.500 кг и чиј број на седишта, не сметајќи го седиштето за возачот, не надминува осум.

Во категоријата C спаѓаат моторните возила за превоз на товар чија најголема дозволена тежина надминува 3.500 кг.

Во категоријата D спаѓаат моторните возила за превоз на лица кои, освен седиштето за возачот, имаат повеќе од осум седишта.

Во категоријата E спаѓаат групи возила чии влечни возила спаѓаат во категорија B, C или D, а самите групи не спаѓаат во категоријата на нивните влечни возила.

Возачите на моторни возила од B, C или D категорија имаат право да управуваат со моторни возила од тие категории и кога им се придодадени лесни приколки, а возачите на моторни возила од B категорија — и со возила од таа категорија кога им е придодадено приклучно возило чија тежина не е поголема од тежината на влечното возило, ако најголемата дозволена тежина на тие возила или на збирот на возила не надминува 3.500 кг.

Возачите на кои им е издадена возачка дозвола за управување со моторни возила од D категорија имаат право да управуваат и со моторни возила од категориите B и C, возачите на кои им е издадена возачка дозвола за управување со моторни возила од C категорија имаат право да управуваат и со моторни возила од B категорија.

Член 159

Возачка дозвола ќе му се издаде на лицето по негово барање ако ги исполнува условите од член 157 на овој закон.

Возачката дозвола се издава со рок на важење од 10 години, а на лицата постари од 65 години возраст — со рок на важење од три години.

По исклучок од одредбата на став 2 од овој член, возачката дозвола може да се издаде, или нејзиното важење може да се ограничи, и на рокови пократки од роковите утврдени во тој став ако здравствената организација на здружен труд даде таков предлог во Уверението за здравствената способност на лицето.

Член 160

Во возачката дозвола се означува категоријата на моторното возило за која важи дозволата.

Возачот може да управува само со моторно возило од онаа или од оние категории што се назначени во возачката дозвола.

Член 161

Возачката дозвола се издава на образец чија форма, боја, содржина, вид и квалитет на материјалот се еднообразни за целата територија на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Ако податоците што се внесуваат во возачката дозвола се напишани со кирилица, тие за користење на возачката дозвола во странство мораат да се напишат и со латиница.

За издадените возачки дозволи се води евиденција.

Член 162

Возачки испит во Југословенската народна армија може да полага воено лице што во Југословенската народна армија е оспособувано за управување со моторно возило.

На военото лице што ќе положи возачки испит во Југословенската народна армија возачка дозвола му издава органот надлежен за издавање на возачки дозволи според местото на полагањето на испитот.

Програмата за оспособување на кандидатите за возачи од став 1 на овој член ја опфаќа, најмалку, содржината од член 156 на овој закон.

Член 163

Странецот кој привремено престојува во Социјалистичка Федеративна Република Југославија и државјанинот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија кој престојува или живее во странство па привремено ќе дојде во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, врз основа на важечка странска возачка дозвола, што је издал надлежниот орган на странската држава и под услов на реципроцитет, може да управува со моторно возило на територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија за време на својот привремен престој во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Член 164

Странска возачка дозвола за управување со моторни возила од D категорија нема да им се признае на лицата кои немаат 21 година, а странска возачка дозвола за управување со моторни возила од категориите B и C — на лицата кои немаат 18 години.

Член 165

Странецот на кој му е одобрено постојано да се насели во Социјалистичка Федеративна Република Југославија и државјанинот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија кој ќе се врати од странство односно ќе дојде во Социјалистичка Федеративна Република Југославија да остане постојано во неа, како и персоналот на дипломатските и конзуларните претставништва и на мисиите на странски држави и на претставништвата на меѓународни организации во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на странските трговски, сообраќајни, културни и други претставништва и на странските дописништва, можат да управуваат со моторни возила врз основа на важечка странска возачка дозвола за време од шест месеци од денот на влегувањето во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

На лицата од став 1 на овој член важечката странска возачка дозвола ќе им се замени, под условите од член 157 став 1 точ. 1, 2 и 4 и ст. 2 и 3 од овој закон, по нивно барање, без полагање возачки испит, со југословенска возачка дозвола за управување со оная категорија моторни возила во која спаѓаат моторните возила за чие управување се овластени со странската возачка дозвола. По исклучок и под услови на реципроцитет, од персоналот на дипломатските и конзуларните претставништва и мисиите на странски држави и претставништвата на меѓународните организации во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, при замената на странската возачка дозвола нема да се бараат докази за исполнување на условите од член 157 став 1 точка 1 на овој закон.

Странска возачка дозвола од чиј текст не може да се заклучи за која категорија односно за кој вид моторни возила е издадена, или дали и истекол рокот на важењето, може да се замени во смисла на став 2 од овој член само ако подносителот на барањето приложи исправа од која се гледа со кои моторни возила може да управува, односно дека не и истекол рокот на важењето.

Член 166

Одредбите на чл. 163 и 164 и на член 165 став 1 од овој закон за управување со моторни возила врз основа на странска возачка дозвола сообразно се применуваат и врз управувањето со моторни возила врз основа на важечка меѓународна возачка дозвола.

Меѓународна возачка дозвола ќе се признае само ако е издадена од надлежните органи или организации на странската држава. Таа дозвола не може да се замени со југословенска возачка дозвола.

Член 167

На возачот на кого му е издадена југословенска возачка дозвола за управување со моторно возило, по негово барање, може да му се издаде и меѓународна возачка дозвола.

Меѓународните возачки дозволи ги издаваат организациите на Автомото сојузот на Југославија. Тие организации се должни да водат регистар на издадените меѓународни возачки дозволи.

Меѓународната возачка дозвола издадена во Социјалистичка Федеративна Република Југославија не може да се користи за управување со моторни возила на територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Член 168

Кога управува со моторно возило, возачот мора кај себе да има соодветна важечка возачка дозвола и е должен да ја покаже на барање од овластеното лице.

Сопственикот односно носителот на правото на располагање со возило не смее да го даде возилото на управување на лицето од чл. 151 и 152 од овој закон, ниту на лицето кое нема право да управува со моторно возило односно на лицето кое нема право да управува со категоријата моторни возила во која спаѓа тоа возило.

**4. Здравствени прегледи на возачите**

Член 169

Кандидатите за возачи на моторни возила се должни пред полагањето на возачки испит да се подложат на здравствен преглед.

Возачите на моторни возила се должни да се подлагаат и на контролни здравствени прегледи.

Член 170

На здравствените прегледи се утврдува дали кандидатот за возач или возачот ја има потребната телесна и душевна способност за управување со моторни возила.

Здравствени прегледи на кандидатите за возачи и на возачите вршат здравствените организации на здружен труд што се оспособени и опремени така што да можат успешно да ги вршат тие прегледи.

Член 171

На контролен здравствен преглед се упатува возач на моторно возило за кого основано ќе се посомнева дека од здравствени причини повеќе не е способен сигурно да управува со моторни возила од оние категории за кои му е издадена возачката дозвола.

Барање за упатување на контролен здравствен преглед може да поднесе секој орган надлежен за контрола на сообраќајот на пат, јавното обвинителство, судот, судијата за прекршоци, како и организација на здружен труд и друга организација или орган во кој возачот е вработен во својство на возач. Упатувањето на контролен здравствен преглед го врши органот кај кој што возачот се води во евиденција.

Член 172

Организациите на здружен труд и други организации и органи што вработуваат возачи не смеат да дозволат со нивните моторни возила да управува возач кој не се подложил на контролниот здравствен преглед на кој бил упатен.

**5. Траење на управувањето со моторно возило**

Член 173

Возачот кој управува со автобус или со товарно моторно возило или со збир возила чија најголема дозволена тежина надминува 3 500 кг не смее непрекинато да управува со возилото подолго од пет часа.

Како непрекинато управување со возило од став 1 на овој член се смета времето за кое возачот немал прекин во возењето од најмалку половина час.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, непрекинатото управување со возило за јавен градски превоз на патници ќе се регулира со самоуправни општи акти.

Вкупното траење на управувањето со моторните возила од став 1 на овој член не смее да премине осум часови во текот на 24 часа.

Член 174

Возачот што управува со возилото од член 173 став 1 од овој закон мора, по почетокот на својот работен ден, да има непрекинат одмор од најмалку десет часови.

Ако во управувањето со такво возило се сменуваат двајца возачи и ако во возилото се наоѓа уредно легло кое на еден од нив му овозможува да се одморува во лежечка положба, секој возач мора да има непрекинат одмор од најмалку осум часа во текот на секои 30 часа патување.

Непрекинатиот одмор возачот мора да го користи надвор од возилото.

По исклучок од одредбата на став 3 од овој член, ако во возилото се наоѓа уредно легло кое на возачот му овозможува да се одморува во лежечка положба, возачот може да го користи одморот на таквото легло, под услов за тоа време возилото да не се движи.

Вкупното траење на работното време на возачот, дневниот и неделниот одмор на возачот и начинот на работа на удвоениот екипаж на возилата во обемот кој влијае врз безбедното управување со моторни возила се утврдува со пропис донесен врз основа на овој закон.

Член 175

Возачот кој управува со автобус, со товарно моторно возило или со група возила чија најголема дозволена тежина надминува 20 тони, кога во текот на 24 часа поминува повеќе од 500 км, мора да биде заменет со друг возач најдоцна по осум часа управување во смисла на одредбите од член 173 на овој закон, односно по поминатите 500 км пат.

Член 176

Одредбите на овој закон за траењето на управувањето со моторно возило и за одморите на возачите се применуваат и врз возачите на моторни возила регистрирани во странство, кога со тие возила управуваат на територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, ако со меѓународен договор не е определено поинаку.

## VII. ВОЗИЛА

### 1. Општи одредби

Член 177

Возилата во сообраќајот на патот мораат да ги исполнуваат пропишаните услови во поглед на димензиите, вкупната тежина и осното оптоварување, како и да ги имаат исправни пропишаните уреди и опрема.

Возилата што не ги исполнуваат пропишаните услови во поглед на димензиите, вкупната тежина и осното оптоварување можат да учествуваат во сообраќајот на јавен пат ако ги исполнуваат посебните услови кои овозможуваат безбеден и непречен сообраќај, утврдени во одобрението издадено од надлежниот орган на републиката односно на автономната покраина на чија територија учествуваат во сообраќајот.

Член 178

Моторните и приклучните возила регистрирани во странство можат да учествуваат во сообраќајот на територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија ако ги имаат исправни уредите и опремата пропишани со важечката меѓународна Конвенција за сообраќајот на патиштата, а во поглед на димензиите, најголемата дозволена тежина и осното оптоварување — ако ги исполнуваат условите пропишани за моторните и приклучните возила регистрирани во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Член 179

Моторните и приклучните возила што сериски или поединечно се произведуваат, се преправаат или се увезуваат, во поглед на конструкциските особини и уредите, мораат да бидат подложени на испитување пред пуштањето во промет. На тоа испитување подлежат и резервните делови што се суштествени од гледиштето на безбедноста на сообраќајот (деловите на уредите за управување, за спојување на влечно и приклучно возило, за сопирање за давање светлосни знаци, за осветлување на патот и на возилото и сл.).

За пуштањето во промет на моторните и приклучните возила и на нивните резервни делови од став 1 на овој член е потребно одобрение.

На испитувањето од став 1 на овој член не подлежат новоувезените возила ако за нив е издаден атест во земјата на производителот и ако ги исполнуваат условите за нивното пуштање во сообраќај во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

### 2. Регистрација на моторни и приклучни возила

Член 180

Моторните и приклучните возила што учествуваат во сообраќајот на патот мораат да бидат регистрирани.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, не мораат да бидат регистрирани:

1) лесни приколки;

2) моторни и приклучни возила што се преправени или се поправени и со кои се врши пробно возење заради испитување и прикажување на нивните својства, или што се движат од седиштето на организацијата на здружен труд во која се произ-

ведени до складот, како и моторните и приклучните возила што се движат од местото во кое се преземени нерегистрирани до местото во кое ќе бидат регистрирани — под услов да се означени со посебни таблички за привремено означување на такви возила во сообраќајот на пат (пробни таблички).

За возилата од точка 2 став 2 на овој член се издава потврда за користење на пробните таблички. Кога управува со возило кое е означено со пробни таблички, возачот мора кај себе да има важечка потврда и е должен да ја покаже по барање на овластено лице.

За регистрираните возила се води евиденција.

Член 181

Можат да се регистрираат само оние моторни и приклучни возила за кои на задолжителниот технички преглед ќе се утврди дека се исправни.

За регистрирано возило се издаваат сообраќајна дозвола и регистарски таблички.

Сообраќајната дозвола се издава со рок на важење од една година.

Член 182

Сообраќајната дозвола се издава на образец чија форма, боја, содржина, вид и квалитет на материјалот се еднообразни за целата територија на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Ако податоците што се внесуваат во сообраќајната дозвола се напишани со кирилица, тие за користење на сообраќајната дозвола во странство мораат да се напишат и со латиница.

Член 183

За возилата што се регистрираат во Социјалистичка Федеративна Република Југославија се издава еден од следните видови регистарски таблички:

1) регистарски таблички за моторни возила, освен за мотоцикли;

2) регистарски таблички за мотоцикли;

3) регистарски таблички за приклучни возила;

4) регистарски таблички за моторни и приклучни возила на дипломатски и конзуларни претставништва и на мисии на странски држави и на претставништва на меѓународни организации во Социјалистичка Федеративна Република Југославија и на нивниот персонал, на странски трговски, сообраќајни, културни и други претставништва, на странски дописништва и на постојани странски дописници, односно на странци — постојани службеници на странски дописништва;

5) регистарски таблички за привремено регистрирани моторни и приклучни возила;

6) регистарски таблички за моторни и приклучни возила на вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

7) регистарски таблички за определени моторни и приклучни возила на органите за внатрешните работи;

8) регистарски таблички за моторни и приклучни возила кои во поглед на димензиите, најголемата дозволена тежина и осното оптоварување ги надминуваат пропишаните нормативи.

Регистарските таблички од став 1 на овој член се еднообразни за секој вид таблички на целата територија на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Возило регистрирано во Социјалистичка Федеративна Република Југославија не може да ја напушти територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија ако не носи истакната меѓународна ознака на Југославија.

Член 184

Ознаките на регистарските таблички се состојат од определени букви и броеви.

Член 185

Моторните возила во сообраќајот, освен мотоциклите, мораат да имаат по две регистарски таблички, а мотоциклите и приклучните возила — по една регистарска табличка.

Регистарските таблички на возилото мораат да бидат поставени така што да можат добро да се гледаат и да бидат читливи.

Лесните приколки што не се регистрираат, на својата задна страна во сообраќајот на пат мораат да имаат регистарска табличка со повторен регистарски број на влечното возило.

Член 186

Во сообраќајот на пат смее да учествува моторно или приклучно возило само за време на важењето на сообраќајната дозвола издадена за тоа возило.

Кога управува со моторно или со моторно и приклучно возило, возачот мора да има со себе важечки сообраќајни дозволи издадени за тие возила и е должен да ги покаже по барање на овластено лице.

Член 187

Возилата на вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија се регистрираат според прописот што го донесува сојузниот секретар за народна одбрана.

Член 188

Моторните и приклучните возила на дипломатските и конзуларните претставништва и на мисиите на странски држави и на претставништвата на меѓународните организации во Социјалистичка Федеративна Република Југославија и на нивниот персонал, на странски трговски, сообраќајни, културни и други претставништва, на странски дописништва и на постојаните странски дописници, односно на странците — постојани службеници на странски дописништва и моторните и приклучните возила, на странците на кои заради школување, специјализација, научни истражувања, вработување или вршење на професионална дејност, давање азил или признавање на статусот на бегалци им е издадено одобрение за привремен престој подолг од шест месеци или за постојано населување во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, како и моторните и приклучните возила на државјаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија што ќе се вратат од странство, односно што ќе дојдат во Југославија да останат постојано во неа, можат да учествуваат во сообраќајот во Југославија само ако се регистрирани во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Член 189

Моторни и приклучни возила регистрирани во странска земја можат да учествуваат во сообраќајот на територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија само ако имаат важечка сообраќајна дозвола и регистарски таблички што ги издал надлежниот орган на земјата во која возилото е регистрирано, како и меѓународна ознака на земјата на регистрацијата.

Странско приклучно возило што не е регистрирано, на својата задна страна мора да има регистарска табличка со повторен регистарски број на влечното возило.

Член 190

Привремено можат да се регистрираат моторни и приклучни возила увезени од странство или набавени во Социјалистичка Федеративна Република Југославија чии сопственици се странци што во Социјалистичка Федеративна Република Југославија привремено престојуваат врз основа на важечка патна исправа или државјани на Социјалистичка Федеративна Република Југославија кои, заради школување, специјализација, научно истражување, вработување или вршење на професионална дејност, привремено престојуваат во странство, моторни и приклучни возила, што се користат врз основа на договор за деловна соработка или на договор за закуп склучен помеѓу домашен и странски превозник, како и моторни и приклучни возила што се користат заради учество на саеми и спортски натпревари.

Возилото што ќе влезе во Социјалистичка Федеративна Република Југославија со странски регистарски таблички на кои ознаките и бројот не им се во согласност со одредбите на меѓународните договори што ги ратификувала Социјалистичка Федеративна Република Југославија мора привремено да се регистрира.

Привремената регистрација на возилото важи најдолго една година и, од оправдани причини, може да се продолжи вкупно најмногу уште за една година.

Член 191

За привремено регистрираното возило се издава потврда за привремена регистрација и регистарски таблички.

Кога управува со привремено регистрирано возило, возачот кај себе мора да има важечка потврда за привремената регистрација на возилото и е должен да ја покаже по барање на овластено лице.

### 3. Технички преглед на моторни и приклучни возила

Член 192

Заради проверување на техничката исправност на моторните и приклучните возила се вршат технички прегледи на тие возила.

Технички преглед на моторните и приклучните возила се врши најмалку еднаш годишно.

На техничкиот преглед се утврдува дали моторното или приклучното возило ги има пропишаните уреди, а особено уредите за управување, уредите за сопирање, за давање светлосни сигнали, за осветлување на патот и на возилото, за испуштање на согорените гасови и дали тие уреди се во исправна состојба, како и дали тоа ги исполнува и другите пропишани услови за учествување во сообраќајот.

Член 193

Организацијата на здружен труд и друга организација или органот што врши технички преглед на моторните и приклучните возила мора да биде оспособен и опремен така што да може успешно да го изврши тој преглед.

## VIII. ПОСЕБНИ МЕРКИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ

Член 194

Овластеното лице може да го подложи возачот на испитување со помош на соодветни средства и апарати или да го упати на стручен преглед заради проверување дали има алкохол во организмот, или дали покажува знаци на алкохолна растроеност, односно дали се наоѓа под дејство на дроги или на психоактивни лекови.

Возачот од став 1 на овој член е должен да се подложи на испитувањето, односно на стручниот преглед на кој е упатен.

Анализа на крвта или на урината се врши кај возачот кој негира дека е под дејство на алкохол чие присуство во организмот е утврдено со соодветни средства или апарати, ако поради тоа не би настапиле штетни последици за неговото здравје.

Ако со испитувањето спроведено според одредбите на став 3 од овој член е утврдено дека возачот е под дејство на алкохол, трошоците за утврдување на алкохолизираноста ги поднесува возачот.

Член 195

На возачот на кој му е изречена мерка за безбедност или заштитната мерка забрана на управување со моторно возило, таа забрана ќе се запише во неговата возачка дозвола, како и во меѓународната возачка дозвола ако ја има.

Член 196

На возачот кој ќе стане телесно или душевно неспособен за управување со моторни возила, врз основа на наод и мислење на соодветната здравствена организација на здружен труд, возачката дозвола ќе му се одземе за времето додека таа неспособност трае.

На возачот кој има право на управување со моторни возила од повеќе категории, а тоа право за одделни категории ќе му биде ограничено од причините предвидени во став 1 на овој член, ќе му се издаде нова возачка дозвола во која ќе се запишат оние категории со кои има право да управува.

На возачот кој не ќе се подложи на контролниот здравствен преглед на кој е упатен, возачката дозвола ќе му се одземе за времето додека не се подложи на тој преглед.

Член 197

Овластеното лице на самото место привремено ќе му ја одземе возачката дозвола и ќе го исклучи од сообраќајот возачот кого ќе го затече да управува со возило или да се обидува да управува со возило ако е очигледно дека возачот е во таква психофизичка состојба (замор, болест, дејство на лекови, дроги или други опојни средства) што не е способен безбедно да управува со возилото.

Овластеното лице ќе постапи на начинот од став 1 на овој член спрема возачот од член 152 став 3 на овој закон кај кого ќе утврди дека во организмот има алкохол или кој покажува знаци на алкохолно растројство, како и спрема возачот за кого ќе утврди дека е под дејство на алкохол во смисла на член 152 став 2 од овој закон.

Овластеното лице ќе постапи на начинот од став 1 на овој член спрема возачот од член 173 на овој закон кој непрекинато управува со возило подолго од пет часа, односно кој во текот на 24 часа управува со возило подолго од осум часа, како и спрема возачот од член 175 на овој закон кој со возило во текот на 24 часа ќе помине повеќе од 500 км, односно кој управува со возилото подолго од осум часа.

Овластеното лице ќе постапи на начинот од став 1 на овој член спрема возачот од член 194 став 2 на овој закон кој ќе одбие да се подложи на испитување односно на стручен преглед на кој е упатен.

тиштa или на објектите на нив, над поставувањето на сообраќајните знаци, како и над обезбедувањето услови за безбеден и непречен сообраќај на јавен пат (член 8 став 1);

3) ако не организира или трајно не врши контрола над исполнувањето на пропишаните услови за работа на возачите, над техничката исправност на возилата и над исполнувањето на условите предвидени со други прописи од кои зависи безбедноста на сообраќајот на патиштата (член 8 став 2);

4) ако подига објекти, уреди или постројки, сади садници или поставува предмети со кои се намалува прегледноста на јавен пат и на железничката пруга со која патот се вкрстува во исто ниво, како и прегледноста на раскрсница, или врши какви и да било дејства што би можеле да го загрозуваат или попречуваат сообраќајот на јавен пат или да го оштетуваат јавниот пат и објектите на него (член 21 став 1);

5) ако веднаш не преземе мерки за отстранување на пречките и за воспоставување на безбеден сообраќај во случаите од член 23 на овој закон;

6) ако нареди или дозволи неговото возило во сообраќајот на пат да се оптовари над дозволената носивост или над дозволеното осно оптоварување или над најголемата дозволена тежина што ги дозволуваат особините на патот и силата на моторот (член 121 став 1);

7) ако му нареди или му дозволи на возачот кој во организмот има алкохол или кој покажува знаци на алкохолно растројство да започне да управува со возило спротивно на одредбите од член 152 став 3 на овој закон;

8) ако не му обезбеди на возачот кој управува со автобус или со товарно моторно возило или со група возила чија најголема дозволена тежина надминува 3.500 кг непрекинат десеточасовен одмор пред почетокот на неговиот работен ден (член 174 став 1);

9) ако не обезбеди возачот кој управува со автобус, со товарно моторно возило или со група возила чија најголема дозволена тежина надминува 20 тони, кога во текот на 24 часа поминува повеќе од 500 км, да се замени со друг возач најдоцна по 8 часа на управување со возилото, односно по поминатите 500 км пат (член 175);

10) ако во сообраќајот на пат употребува возило кое не ги исполнува пропишаните услови во поглед на димензиите, вкупната тежина и осното оптоварување, или нема исправни пропишани уреди за управување, уреди за сопирање, уреди за спојување на влечното и приклучното возило, тахограф и пневматици (член 177 став 1);

11) ако возниот ред според кој врши линиски сообраќај на пат не им одговара на условите утврдени во член 202 став 1 од овој закон;

12) ако продолжи да врши сообраќај на линија на која сообраќајот е запрен според одредбата од член 202 став 2 на овој закон.

Одговорното лице во организацијата на здружен труд, во самоуправната интересна заедница или во друго правно лице ќе се казни за стопанскиот престап од став 1 на овој член со парична казна во износ од 2.000 до 20.000 динари.

### Член 204

Со парична казна од 5.000 до 50.000 динари ќе се казни за прекршок организацијата на здружен труд, самоуправна интересна заедница или друго правно лице:

1) ако пред почетокот на работите на јавен пат не го обезбеди местото на кое се изведуваат работите, или ако за време на траењето на работите не организира безбеден сообраќај на местото на изведувањето на работите, или ако по завршувањето на работите не ги отстрани од јавниот пат остатоците од материјал, средствата за работа, сообраќајните знаци, браниците и другите предмети (член 22);

2) ако нареди со негово возило на моторен погон да се влече приклучно возило спротивно на одредбите од член 79 на овој закон;

3) ако во поглед на обележувањето на јавните патишта со сообраќајни знаци не постапи според одредбите од член 124 ст. 1 и 2 на овој закон;

4) ако на јавен пат надвор од населба со современ коловоз за сообраќај во обете насоки, на кој постојат само две сообраќајни ленти, не ги одвои тие ленти со соодветна надолжна линија на коловозот (член 137 став 2);

5) ако не постави соодветни сообраќајни знаци пред преминот на пат преку железничка пруга во ниво (член 138 став 1);

6) ако не постави уред за давање светлосни знаци или уред за давање звучни знаци на премин на пат преку железничка пруга во исто ниво, во случаите од член 143 на овој закон;

7) ако не го обележи делот од патот на кој се изведуваат работи или ако на тој дел од патот не ги обезбеди учесниците во сообраќајот на начинот пропишан во член 144 ст. 1 и 2 од овој закон;

8) ако нареди со возилото да управува возачот за кој може да се заклучи дека поради замор, болест, тешка психичка состојба или употреба на опојни средства не ќе биде во состојба сигурно да управува со возилото (член 151);

9) ако нареди или дозволи со автобус или со товарно моторно возило или со група возила, чија најголема дозволена тежина надминува 3.500 кг, возач да управува непрекинато подолго од 5 часа (член 173 став 1);

10) ако спротивно на одредбите од член 179 ст. 1 и 2 на овој закон пушти во промет моторно или приклучно возило или нивни резервни делови што се суштествени од гледиштето на безбедноста на сообраќајот;

11) ако му нареди или му дозволи на возач на кој му е забрането управување со моторно возило или на кој му е одземена возачката дозвола да управува со моторно возило во сообраќајот на пат за време на траењето на забраната односно за времето за кое му е одземена возачката дозвола (член 199);

12) ако нареди или дозволи во сообраќајот на пат да учествува моторно или приклучно возило што е упатено на технички преглед а не е подложено на тој преглед (член 201).

За прекршокот од став 1 на овој член ќе се казни со парична казна од 1.000 до 5.000 динари и одговорното лице во организацијата на здружен труд, во самоуправната интересна заедница или во друго правно лице.

Со парична казна од 1.000 до 5.000 динари ќе се казни за прекршокот од став 1 на овој член и одговорното лице во органот на општествено-политичката заедница или во друг државен орган.

### Член 205

Со парична казна од 3.000 до 30.000 динари ќе се казни за прекршок организација на здружен труд, самоуправна интересна заедница или друго правно лице:

1) ако остави на пат оштетени возила, предмети или материи што можат да ја попречуваат или да ја загрозат безбедноста на сообраќајот (член 28 став 1);

11) возач кој со возилото не се движи во задолжителниот правец означен со зелено светло во форма на зелена светлечка стрелка (член 53 став 2);

12) возач кому со светлосен сообраќаен знак му е дозволено влегување во раскрсницата, ако со возилото влезе во раскрсницата иако густината на сообраќајот е таква што мора да се запре на раскрсницата и на тој начин да го попречува или оневозможува сообраќајот на другите возила што доаѓаат од бочните коловози (член 55);

13) возач кој во случајот од член 61 став 1 на овој закон не ќе го помести своето возило кон десниот раб на коловозот;

14) возач кој при престигнувањето не го држи своето возило на потребното растојание од возилото што го престигнува (член 62 став 2);

15) возач кој со возилото престигнува друго возило кое се доближува кон обележан пешачки премин или кое преминува пешачки премин (член 66);

16) возач кој ќе го запре или паркира своето возило спротивно на одредбите од член 74 на овој закон;

17) возач кој возилото запрено на коловозот не ќе го обележи со посебен знак на начинот пропишан во член 76 од овој закон;

18) возач на возило на моторен погон кој употребува светла за означување на возилото спротивно на одредбите од член 87 на овој закон;

19) возач на возило на моторен погон чијашто најголема дозволена тежина надминува 3.500 кг или должината му е поголема од 7 м, ако не го држи своето возило на прописна оддалеченост од истото такво возило пред себе (член 90 став 1);

20) возач на запрежно возило кој не управува со запрежното возило што се движи по патот или кој запрежното возило ќе го остави на патот без надзор (член 96);

21) возач кој го попречува поминувањето на пешаците кои стапиле на обележан пешачки премин на кој сообраќајот е регулиран со светлосни сообраќајни знаци или со знаци што ги дава овластено лице, а на кои на таквиот премин им е дозволено поминување (член 105 став 1);

22) возач на моторно возило кој при влечење на друго моторно возило по автопатот ќе постапи спротивно на одредбата од член 112 став 2 на овој закон;

23) возач на моторно возило кој на автопатот не се движи по крајната десна сообраќајна лента кога таа лента не е затрупана со возила во колона (член 113 став 1);

24) возач на моторно возило кој при вклучувањето односно при исклучувањето од автопатот ќе постапи спротивно на одредбите од член 115 на овој закон;

25) возач на моторно возило кој на патот резервиран за сообраќај на моторни возила ќе постапи спротивно на одредбите од член 111 ст. 1 и 3, член 112 став 2 и чл. 114 и 115 на овој закон (член 116);

26) возач кој ќе го оптовари возилото со кое управува спротивно на одредбите од член 121 став 2 точ. 2 до 5 на овој закон;

27) возач кој во поглед на сместувањето на товарот на возилото или во поглед на означувањето на товарот ќе постапи спротивно на одредбите од член 122 на овој закон;

28) возач кој товарот на возилото ноќе, како и дење во случај на намалена видливост, не ќе го означи на начинот од член 123 на овој закон;

29) учесник во сообраќај кој не се придржува кон ограничувањата, забраните или обврските изразени со помош на поставените сообраќајни знаци, освен сообраќајните знаци за ограничувањето на брзината (член 124 став 4);

30) возач на моторно и приклучно возило регистрирано во странска земја, ако нема важечка сообраќајна дозвола, регистарски таблички или меѓународна ознака на земјата на регистрацијата според одредбите од член 189 став 1 на овој закон.

Ако со прекршокот од став 1 на овој член е предизвикана непосредна опасност за друг учесник во сообраќајот или е предизвикана сообраќајна незгода, сторителот ќе се казни со парична казна од 400 до 2.000 динари или со казна затвор до 40 дена.

За прекршокот од став 1 на овој член со кој е предизвикана непосредна опасност за друг учесник во сообраќајот или е предизвикана сообраќајна незгода на возачот на моторно возило може да му се изрече и заштитната мерка забрана на управување со моторно возило во траење од 30 дена до три месеци.

Член 212

Со парична казна од 200 динари ќе се казни на самото место за прекршок:

1) возач кој пред вршењето на определени дејствија со возилото не ќе ги извести за својата намера другите учесници во сообраќајот (член 39);

2) возач кој за движењето на своето возило користи пат односно коловоз или сообраќајна лента односно патека што не е наменета за сообраќај на оној вид возила на кој му припаѓа возилото (член 40);

3) возач кој при движење на возилото наназад ќе постапи спротивно на одредбите од член 43 на овој закон;

4) возач кој ќе ја намали брзината на движењето на возилото до таа мера што со своето возило да му причинува пречки на нормалното одвивање на сообраќајот (член 45 став 2);

5) возач кој со возило на пат во населба се движи со брзина која е до 10 км на час поголема од дозволената брзина, односно возач кој со возило на пат надвор од населба се движи со брзина која е над 10 до 30 км на час поголема од дозволената брзина (член 46 и член 48 ст. 1 и 2);

6) возач кој при свртувањето ќе постапи спротивно на одредбите од член 49 ст. 1 и 2 на овој закон;

7) возач кој при напуштање на раскрсница во случајот од член 54 на овој закон не ги пропушти сите учесници во сообраќајот што се движат во правецот во кој сообраќајот е отворен;

8) возач кој престигнувањето го врши спротивно на одредбите од член 56 на овој закон;

9) возач кој обиколувањето го врши спротивно на одредбите од член 60 став 1 на овој закон;

10) возач кој по извршеното престигнување или обиколување со возилото не ќе заземе повторно положба на сообраќајната лента по која дотогаш се движел (член 63);

11) возач кој при запирање или паркирање на возилото не ќе постапи според одредбите од член 71 на овој закон;

12) возач кој ќе го паркира возилото спротивно на одредбите од член 75 на овој закон;

13) возач на возило на моторен погон кој со своe возило влече друго возило спротивно на одредбите од член 80 на овој закон;

14) возач кој при влечење на возило на моторен погон не постапи на начинот пропишан во член 82 од овој закон;

15) возач кој не го држи потребното растојание кога се движи зад друго возило (член 89);

16) возач на велосипед, на велосипед со мотор или мотоцикл кој ќе постапи спротивно на одредбите од член 93 на овој закон;

17) возач на велосипед, на велосипед со мотор или на мотоцикл кој превезува други лица спротивно на одредбите од член 94 на овој закон;

18) возач на мотоцикл и лице кое се превезува на мотоциклот ако во сообраќајот на пат не носат заштитен шлем за време на возењето (член 95);

19) пешак кој на патот што има тротоар или друга површина определена за движење на пешаци се движи по коловозот (член 99 став 1);

20) пешак кој на обележаниот пешачки премин на кој сообраќајот на пешаците е регулиран со светлосни сообраќајни знаци за пешаци не ќе постапи според тие знаци (член 103 став 1);

21) возач кој при свртување со возило на бочен пат на чиј влез не постои обележан пешачки премин ќе постапи спротивно на одредбите од член 106 на овој закон;

22) пешак кој не ќе се запре пред премин на пат преку железничка пруга во ниво ако уредот за затворање на сообраќајот е спуштен, или ако тој уред веќе почнал да се спушта, или ако се даваат светлосни или звучни знаци што предупредуваат дека тој уред ќе почне да се спушта, односно дека кон преминот на пат преку железничка пруга се доближува воз (член 108);

23) пешак кој не ќе се запре пред премин на патот преку железничка пруга во ниво на кој се поставени светлосни сообраќајни знаци, кога ќе се појави црвено трепкаво светло или црвено непрекинато светло (член 109 став 1);

24) возач кој не ќе го запре своето возило на посебната лента за присилно запирање на возила и не ќе ги преземе потребните мерки што побрзо да го отстрани од коловозот на автопатот или на патот резервиран за сообраќај на моторни возила (член 111 став 2 и член 116);

25) возач кој во сообраќајот на пат управува со моторно возило, а на неговата возачка дозвола ѝ истекол рокот на важењето (член 149);

26) инструктор кој на пат врши оспособување на кандидат за возач на моторно возило кое не е означено со посебни таблички (член 155 став 1);

27) возач кој нема кај себе соодветна важечка возачка дозвола или не ја покаже по барање на овластеното лице (член 168 став 1);

28) возач кој во сообраќајот на пат управува со возило кое нема исправни пропишани уреди и опрема, освен уредите за управување, уредите за сопирање, уредите за спојување на влечното и приклучното возило, тахографот и пневматиците (член 177 став 1);

29) возач кој кај себе ја нема важечката потврда за користење на пробни таблички или не ја покаже по барање на овластеното лице (член 180 став 3);

30) возач кој со моторно возило влече приколка која не својата задна страна нема регистарска табличка со повторен регистарски број на влечното возило (член 185 став 3);

31) возач кој кај себе ја нема важечката сообраќајна дозвола за возилото со кое управува или не ја покаже по барање на овластеното лице (член 186 став 2);

32) возач кој со моторно возило влече нерегистрирано странско приклучно возило кое на својата задна страна нема регистарска табличка со повторен регистарски број на влечното возило (член 189 став 2);

33) возач кој нема кај себе важечка потврда за привремена регистрација на возилото или не ја покаже по барање на овластеното лице (член 191 став 2).

Ако со прекршокот од став 1 на овој член е предизвикана непосредна опасност за друг учесник во сообраќајот или е предизвикана сообраќајна незгода, сторителот ќе се казни со парична казна од 300 до 1 500 динари или со казна затвор до 15 дена.

За прекршокот од став 1 на овој член со кој е предизвикана непосредна опасност за друг учесник во сообраќајот или е предизвикана сообраќајна незгода, против возачот на моторното возило може да се изрече и заштитна мерка забрана на управување со моторно возило во траење од 30 дена до два месеца.

Член 213

Со парична казна од 100 динари ќе се казни на самото место за прекршок:

1) возач и лице кои за време на возењето во моторното возило не се врзат со сигурносните појаси (член 35);

2) возач кој во патнички автомобил превезува дете спротивно на одредбата од член 36 на овој закон;

3) возач кој на пат надвор од населба со возилото се движи со брзина која е до 10 км на час поголема од дозволената брзина (член 46 ст. 3 и 4 и член 48 ст. 1 и 2);

4) возач кој при давање звучни знаци за предупредување ќе постапи спротивно на одредбите од член 68 на овој закон;

5) возач кој ќе го запре или паркира возилото спротивно на одредбите од член 72 на овој закон;

6) лице кое на запрено или на паркирано возило а отвораат вратите и со тоа се попречува движењето на другите учесници во сообраќајот или се загрозува безбедноста на сообраќајот (член 73);

7) возач на велосипед или возач на велосипед со мотор кој не се движи на начинот пропишан во член 92 од овој закон;

8) терач на добиток кој добитокот не го држи што поблиску до десниот раб од патот (член 97 став 2);

9) пешак кој непотребно се задржува на коловозот или се движи по коловозот на начин со кој го попречува или спречува сообраќајот на возилата (член 98);

10) пешак кој се движи по коловозот спротивно на одредбите од чл. 100 и 101 на овој закон;

11) пешак кој преминува преку коловозот на начин спротивен на одредбите од член 102 на овој закон;

12) пешак кој на обележан пешачки премин ќе постапи спротивно на одредбите од член 103 ст. 2 и 3 од овој закон;

13) пешак кој при преминување преку коловозот на место каде што не постои обележан пешачки премин го попречува сообраќајот на возилата (член 104);

14) возач на возило на моторен погон кој за време на движењето низ тунел не ги држи запалени соборените светла за осветлување на патот (член 118);

15) возач на моторно возило кое го нема пропишаниот број регистарски таблички или на кое овие таблички се поставени така што да не се гледаат добро или не се читливи (член 185 ст. 1 и 2);

Ако со прекршокот од став 1 на овој член е предизвикана непосредна опасност за друг учесник во сообраќајот или е предизвикана сообраќајна незгода, старателот ќе се казни со парична казна од 200 до 500 динари.

Член 214

Ако заштитната мерка забрана на управување со моторното возило му е изречена на возачот кој е инструктор, тој не смее да се занимава со обучување на кандидати за возачи во управувањето со моторно возило за време додека трае изречената заштитна мерка.

Член 215

За изречените казни, заштитни мерки и мерки на безбедност се води евиденција.

Органот кој ќе ја изрече казната односно заштитната мерка или мерката на безбедност е должен за изречената казна односно мерка да го извести органот кој води евиденција за тие казни и мерки.

Податоците од евиденцијата предвидени во став 1 на овој член можат да ги користат правосудните органи, органите што ја водат прекршочната постапка, органите за внатрешни работи, здравствените организации на здружен труд, органите и организациите што се занимаваат со прашањата на безбедност на сообраќајот, како и органите и организациите што вршат јавен превоз или превоз за сопствени потреби.

Член 216

Траењето на изречената заштитна мерка забрана на управување со моторно возило се смета од денот на запишувањето на забраната во возачката дозвола, а врз основа на правосилното решение за изрекување на таа мерка.

Времето поминато на издржување на казната затвор не се смета во време на траење на заштитната мерка од став 1 на овој член.

Член 217

Под услов на реципроцитет, против возач кој има живеалиште во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во странска земја ќе стори сообраќаен прекршок според прописите на таа земја, во Социјалистичка Федеративна Република Југославија ќе се поведе прекршочна постапка ако тоа го бара надлежниот странски орган, а возачот за истиот прекршок може да биде казнет според југословенските прописи, и ако за тој прекршок не бил казнет во земјата во која го сторил прекршокот.

Член 218

Ако возачот кој има странска возачка дозвола стори на територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија прекршок за кој со овој закон е предвидено дека мора или може да се изрече заштитна мерка забрана на управување со моторно возило, на тој возач наместо забраната на управување со моторно возило може да му се изрече заштитна мерка забрана на користење на странска возачка дозвола за истото време.

Заштитната мерка забрана на користење на странска возачка дозвола се состои во забрана на возачот на кој му е изречена да управува на територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија со моторно возило од онаа или од оние категории на кои се однесува забраната.

Забраната на користењето на странска возачка дозвола ќе се запише во странската возачка дозвола на лицето на кое му е изречена, како и во меѓународната дозвола ако ја има.

Член 219

За прекршок на прописите за безбедноста на сообраќајот на патиштата што ќе го стори малолетник, со паричната казна пропишана за сторениот прекршок ќе се казни родителот, посвоителот односно старателот на малолетникот, ако прекршокот е сторен како последица од пропуштања на задолжителната грижа за малолетникот.

Член 220

Возачот — инструктор под чиј надзор кандидат за возач се обучува во управување со моторно возило во сообраќајот на пат ќе се казни за прекршок што ќе го стори кандидатот за возач, освен ако не бил во состојба да го спречи прекршокот.

## X. ОВЛАСТУВАЊА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ПРОПИСИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ОВОЈ ЗАКОН

Член 221

— Се овластува функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работите на сообраќајот и врските:

1) во спогодба со сојузниот секретар за народна одбрана да донесе прописи за евидницијата на јавните патишта и на објектите на нив, како и за техничките податоци за тие патишта;

2) во спогодба со функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи да донесе прописи за сообраќајните знаци на патиштата, за регистрацијата на моторните и приклучните возила, за обрасците на сообраќајната дозвола и на возачката дозвола, за посебниот знак за означување на возило со кое управува лице на кое му се оштетени екстремитетите што се суштествени за управување со возило и за начинот на обележување на возилата со кои се превезуваат деца;

3) во спогодба со функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи и со функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работите на енергетиката и индустријата да донесе прописи за основните услови што мораат да ги исполнуваат уредите и опремата на возилата, за димензиите и вкупните тежини и за осното оптоварување на возилата во сообраќајот на патиштата, како и за основните услови што патиштата, нивните елементи и објектите на нив мораат да ги исполнуваат од гледиште на безбедноста на сообраќајот;

